**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29.01.2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 11,18 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа по Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубисав Иванов-Ѕинго, Лазар Китаноски, Ристо Пенов, Владимир Ѓорчев, Илинка Митрева, Љубчо Георгиевски, Данаил Дончев, Абдулади Вејсели, Сафет Незири, Блерим Беџети, Марјан Додовски, Фијат Цаноски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураку, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани и Радмила Шекеринска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со работа по точката 7 - Предлог за изменување на членови на Државната комисија за спречување на корупцијата.**

Отворам претрес по предлогот Зоран Додевски да биде именуван за член на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот Зоран Додевски да биде именуван за член на Државната комисија за спречување на корупцијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пратеници.

69 пратеници има во салата.

Гласале 56 пратеника, за гласале 51, воздржано 2 и против 3 пратеници.

Констатирам дека Зоран Додевски е именуван за член на Комисијата за спречување на корупцијата.

Отворам претрес по предлогот Мирјана Димовска да биде именувана за член на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот Мирјана Димовска да биде именувана за член на Државната комисија за спречување на корупцијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 61, воздржано 1 и против 1 пратеник.

Констатирам дека Мирјана Димовска е именувана за член на Комисијата за спречување на корупцијата.

Отворам претрес по предлогот Љубинка Муратовска-Маркова да биде именувана за член на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот Љубинка Муратовска-Маркова да биде именувана за член на Државната комисија за спречување на корупцијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, за гласале 61, воздржано 1 и против 1 пратеник.

Констатирам дека Љубинка Муратовска-Маркова е именувана за член на Комисијата за спречување на корупцијата.

Отворам претрес по предлогот Мане Колев да биде именуван за член на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот Мане Колев да биде именуван за член на Државната комисија за спречување на корупцијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеника, за гласале 67, воздржано нема, против 1 пратеник.

Констатирам дека Мане Колев е именуван за член на Комисијата за спречување на корупцијата.

**Минуваме на точката 8 - Предлог на одлука за разрешување и именување претседател, член и заменик-член на Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката**.

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 59, воздржано 3, против 2.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување претседател, член и заменик-член на Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката.

**Минуваме на точката 9 - Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.**

Отворам претрес по текстот на предлогот на Одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, за гласале 69, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на закон за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за економија. Повелете.

**Вера Рафајловска:** Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници, почитувани дами и господа,

Основна цел за донесувањето на законот за технолошко индустриските развојни зони е со цел привлекување на странски и домашен капитал за развој на нови технологии, нивна примена во националната технологија, зголемување на конкурентноста на Република Македонија на надворешно трговскиот пазар, зголемување на извозот и зголемување на вработувањето.

Овој закон ќе придонесе за развој на високо прокузивни и современи технологии со воведување на економски профитабилни современи технологии, ефикасна примена на ресурсите и секако највисоки еколошки стандарди.

Законот е подготвен според новите нумизматички правила, значи нов приод со упатување на она што се погодности со цел за тие што ќе го применуваат законот да биде како нивно значење поголем.

Законот е подготвен согласно програмата на Владата за 2006/2010 година.

Вие го имате веќе како предлог-закон за донесување со предлог на закон. Постојниот Закон кој што сеуште е во сила е донесен 1999 година, меѓутоа, за жал од неговото донесување до денес немавме практична примена на овој закон.

Значи, законот има 10 дела во својата структура. Во првиот дел дадени се предметот, целта, јавниот интерес, како и значењето на поимите кои се применуваат во Законот.

Во вториот дел се дадени погодностите или најчесто даночните ослободувања, царинските ослободувања и други погодности. Во овој дел Законот упатува на Законот за даноците, или поточно Законот за данок на добивка каде што ослободувањето е 10 години за работењето во зоните, кое што го имавме и во Законот кој што сеуште е во сила.

Понатаму, новина е тоа што имаме ослободување 50% на персонален данок на доход и тоа за период од 5 години и се разбира ослободувањето со данокот на додадена вредност, кој што исто така беше како ослободување со тоа што оној промет кој што служи за крајна потрошувачка ќе биде оданочен.

Што се однесува до даночните ослободувања, тие ќе можат да се користат доколку корисниците во зоната најмалку 80% од годишната продажба на ниво на Република Македонија што ќе ја произведат во зоната ќе ја извезат.

Што се однесува до таканаречените други погодности со цел да се привлечат што повеќе и странски инвеститори, дадена е можност на корисниците на зоната да бидат ослободени од надоместокот за користење и уредување на градежното земјиште, кој надоместок ќе го плати Република Македонија или Владата на Република Македонија во корист на локалната самоуправа.

Земјиштето ќе се издава под закуп на основачите во период до 50 години со можност за да може да се користи уште 25 години.

Обврска е оние кои што ќе го имаат доделеното земјиште е да ја отпочнат градбата во рок од 9 месеци по склучувањето на Договорот за закуп и најдоцна во рок од 30 месеци да се заврши градбата, да се почне со производството, во спротивно договорот за закуп на земјиштето еднострано ќе се раскине.

Што се однесува до условите и начините на основањето на зоната, тоа пред се се обезбедени простори, енергетски, технички услови кои ги обезбедува Владата на Република Македонија. Значи, да не се врши производство што ќе ја загадува животната средина и природа. Зоната во основа е на подрачје утврдено со просторен план или со урбанистички план на земјиштето во сопственост на Република Македонија како локалитет од посебен интерес.

Со зоната ќе раководи Дирекцијата за технолошки индустриско развојни зони со кои што дадени се обврските на Дирекцијата да се грижи околу основањето, за развојот, следењето и Дирекцијата ќе има својство на правно лице.

Дирекцијата има обврска да поднесува годишна програма и финансиски план до Владата на Република Македонија, а со зоната ќе управува управен одбор кој ќе биде составен од 7 члена.

Основањето на зоната може да го вршат едно или повеќе домашни или странски правни лица. Потенцијалниот основач на зоната поднесува барање за основање до Дирекцијата која дава одобрение за основање на зона и истото го доставува до Владата на Република Македонија која пак дава согласност за основање.

Исто така во Законот е решено и престанокот на работењето на зоната со тоа што почетокот на работата на зоната се предвидени по престанок од 12 месеци да се донесе решение за престанок на зоната.

Посебни погодности кои што Владата ќе ги даде на корисниците на зоната се за оние компании кои што на актуелните листи на “Форсе Глобалс”, “Есто” и “Бизнис вик глобал 1200” се наоѓаат во тој случај Владата може да ги надомести трошоците за изградба на производната хала, до 100%, меѓутоа најмногу до 500 илјади евра, со тоа што по престанувањето на работењето на корисникот на зоната делот во кој што Владата инвестирала ќе биде сопственост на Владата на Република Македонија, а останатиот ќе биде сопственост на вложувачите.

Во согласност со Царинскиот закон се регулирани царинските прописи на работењето во зоната, за кое што не би ве оптоварувала. Сите оние што веќе работат во слободните зони, како што е “Фени”, ќе продолжат да работат под условите кои што се препишани со новиот закон и овие услови ќе мора да ги усогласат во рок од три месеци од донесувањето на овој закон. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Слободан Најдовски.

Повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Почитуван господине претседателе, на почетокот дозволете ми да ви се заблагодарам што конечно ни дозоливте да расправаме за закони од економијата и се надевам дека денес ќе ја презакажете седницата која е закажана за расправа по Деловникот и ќе се договориме да ги завршиме сите оние закони кои се од Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика за да не биде Парламентот тој што ќе ја спречува реформата во Република Македонија. Во спротивно ако тоа не го дозволите ќе сметам дека во договор со Владата намерно правите за да ја префрлите целокупната вина врз Парламентот.

Дозволете ми да се осврнам на предлогот за донесување...

**Љубиша Георгиевски:** Можете ли господине Најдовски да ми дозволите да ви одговорам, затоа што прашањето е и процедурално.

Јас предлагам кога ќе ја завршиме оваа точка да се собереме на координација и да ги решиме тие прашања директно и веднаш.

Повелете продолжете.

**Слободан Најдовски:** Од мене ја имате поддршката претседателе за сите тие закони, законот за стечајците, законот за внатрешна ревизија, за сите тие закони да ги прекинеме сите расправи и да расправаме за нив. Лично јас ве поддржувам, а другите координатори нека си одлучат.

Дозволете ми сега за предлогот за донесување закон за технолошки индустриски развојни зони со предлог за донесување на закон да го изнесам своето мислење.

На почетокот сакам да кажам дека ќе го поддржам предлогот за донесување на закон за технолошко индустриски развојни зони, но во втората фаза за предлогот на закон во зависност од тоа како ќе поминат амандманите кои се поднесени и од моја страна и од страна на одредени пратеници, тогаш ќе го искажам своето мислење.

Прво, мислам дека немаше потреба да се оди со нов закон бидејќи нема некои битни промени освен менувањето на името на законот и Владата изгледа во свој стил сака да создаде нов имиџ.

Второ, кога она суштински што се менува од претходниот закон, тоа е она што оди на штета на домашните претпријатија. Затоа ќе се обидам по самиот закон да го изнесам своето мислење.

Прво и теоретски и практично се повеќе се напуштаат во светот ваквите зони, бидејќи веќе стануваат нефункционални, непотребни кога светот оди кон глобализација и земјите кои што влегоа во Европската унија сакале или не ќе мора да ги затворат. Така даден им е и рок во преговорите што ги имаат, на Полска и на Чешка за две и една година да ги затворат тие зони, па сега се поставува прашањето бидејќи ние отвораме индустриско технолошки зони во кои што даваме погодности 10 години, значи ли дека определбата на оваа Влада е дека Македонија најмалку до 2015 година нема да влезе во Европската унија односно до 2017 година со сите погодности што може да ги искористи. Значи ли тоа дека оваа Влада веќе индиректно преку овој закон покажува дека Македонија пред 2015 година нема да влезе во Европската унија. Јас така го сфаќам предлогот на овој закон.

Втората работа која што сакам да ја прокоментирам е прашањето по однос на членот 9 и членот 35 кои меѓусебно се поврзани, а тоа е условите и постапката за остварувањето на даночните ослободувања и дејностите кои што можат да се вршат во индустриско технолошките зони. Имено, согласно Законот за персонален данок и Законот за данокот на добивка знаете дека пред Нова Година овде донесовме Закон со кој што ги ослободуваме оној што инвестира во ваквите зони со 50% од Персоналниот доход за вработените и ослободување од добивката за наредните 10 години. Тука се поставува прашањето кое што е тесно поврзано со дејностите што ќе се вршат во технолошко индустриската развојна зона. Сега веќе е дозволено, голем опсег на дејности кои што ќе можат да се вршат во индустриската технолошка зона. Од друга страна за 20% од своите производи без разлика дали се работи за материјални добра, или се работи за услуги тие ќе можат да ги извезуваат во Република Македонија односно да ги продаваат.

Сметам дека со ваквиот начин директно се нанесува штета и сакајќи да направиме едно

добро, се плашам дека ќе направиме лошо на постојните домашни претпријатија кои се од иста дејност како тие што ќе се вршат во индустриско технолошката зона. Конкретно, една станска банка да отвори своја дејност во индустриско технолошката зона, 20% може да биде капиталот односно колку дејноста на една од помалите македонски банки и таа банка директно ја изложува на нелојална конкуренција домашната банка затоа што плаќа 50% персонален данок на доход за своите вработен и 10 години е ослободена од данокот на добивка. Истото се однесува и за останатите дејности, бидејќи директно ќе влијаат. Обемот на една таква фирма, велам, може да биде 20% нејзиниот обем да биде колку обемот за производство, на една домашна фирма. Затоа сметам дека, иако сега некој, како што на Комисијата за економија разговаравме, ќе одговри дека тие ќе си ги плаќаат давачките кои следат, царина, ДДВ и другите давачки поврзани со производите, но да не бегаме од тоа дека ослободувањето од 50% од персоналниот данок и ослободувањето од данокот на добивка, ги доведува во попривелегирана положба од домашните субјекти. Затоа сметам и предложив амандмани дека во индустриската зона 100% од производството треба да биде за извоз. Тогаш мора да се дадат други оптеретувања за оние 20% кои ќе ги продаваат во Република Македонија, тогаш да ги има оптеретувањата како домашните претпријатија. Ништо повеќе. Ниту да бидат во поповолна, ниту во понеповолна положба домашните претпријатија.

Следното прашање кое е дискутабилно е прашањето околу основачите на иднустриските технолошки зони.

Во Предлогот на законот предвидено е Владата и трговските друштва да можат да организираат вакви зони.

Јас го поставив прашањето на Комисијата за економија, зошто не и единиците на локалната самоуправа, односно општините. Ми беше одговорено дека не е добро, дека немаат ни капацитет општините, а од друга страна општините имаат надлежности во локалниот еконономски развој.

Како врв на хипокризија, или како врв на сето тоа беше изјавата вчера која денес можете да ја прочитате во весниците, на премиерот на Владата, господинот Никола Груевски која ја даде и на локалните медиуми во Битола дека Владата ќе ја поддржи општината во проектот за индустриско економска зона во Битола.

Од една страна Законот не дозволува единиците на локалната самоуправа да формираат такви зони, од друга страна вели Владата ќе го поддржи проектот на општината Битола.

Второ, поврзано со тоа, пред нова година при усвојувањето на буџетот, јас имав предложено амандман за да се одвојат 50 милиони денари од буџетот за развој на тавка зона во Битола. Тогаш и Владата го одби тој аманмдман и парламентарното мнозинство не го прифати. Затоа сметам дека на едниците на локалната самоуправа во закоот треба да им се овозможи да бидат основачи, бидејќи ако можат трговските друштва и Владата, тогаш се отвара прашањето зошто и единиците на локална самоуправа не би можеле.

Кога веќе сме кај прашањето за оснивачи на овие зони, се поставува едно од прашањата, бидејќи Владата ќе биде оснивач, може да се јави како основч на овие зони, врз основа на кои критериуми и зошто во законот воопшто не е спомнато Владата да одлучува каде да ги формира тие зони.

Од она што можевме да видиме при усвојвуањето на буџетот, Владата се определила вакви зони во овој момент да има во Скопје и во Штип. Тогаш сметам дека треба да се определат и критериумите врз основа на кои Владата ќе определува каде да биде местоположбата на тие зони, затоа што имајќи предвид како се однесуваат сите наши досегашни влади, во зависност од тоа која единица на локална самоуправа е на власт, така и ќе се однесуваат при формирањето на овие зони. Затоа сметамд дека треба да се определат критериуми.

Следното прашање е прашањето по однос на сопственоста на земјиштето.

Предвидено е дека овие зони можат да се формираат само на земјиште кое е во сопственост на државата. Ако дозволуваме трговски друштва да можат да бидат основачи на овие зони, тогаш нелогично е, до колку тие располагаат со приватно земјиште, да не можат да ги отворат тие зони на тоа земјиште кое , се рзбира подле ќе подлежи н сите царински надлежности кои се предвидени во самиот закон, по однос на зџоната. До колку имаат свое земјиште, одговара локацијата, ги сполнуваат сите критериуми за да добијат дозвола од страна на Агенцијата за вакв зони, сметам дека не треба да претставува никаков проблем и тоа што ако тоа земјише би било во приватна сопственост.

Доста дискутабилен е и членот 23 за кој морам да кажам дека е навистина и нејасен, барем во овој дел.

Во членот 23 каде се спомнува за оснивачи за основање на технолошка индустриска зона, во точката 7 под 1, пишув"Обезбедеј писмен доказ за финансиска сотојба со која ќе се утврди дека има потребни средства на сметка во банка, како извештај од овластена ревизорска куќа".

Мислам дека овој член треба да се допрецизира, што тоа значи писмено доказ за финансиска состојба. Ако е тоа дека само има позитивен бонитет, тоа не мора да значи ништо. Ако определуваме висина на финансиски средства што треба да ги има еден оснивач, што би биле како гаранција дека ќе може да го изврши основањето на индустриско технолошката зона, тогаш треба да наведеме до која висина, дали до процентот на вредноста на технолошката зона,

или не знам кј друг аргумент, под страна на предлагачот, на Владата, но мора точно да се знае затоа што позитивен бонитет може да има и фирма која располага со минимални финансиски средства во квантитет. Затоа сметам дека овој член треба да се допрецизира, што навистина ќе значи да се обезбеди доказ за финансиската состојба односно да се определат критериуми врз основа на кои ќе се докаже финансиската состојба на основачот.

И на крајот, она што самата министерка го прокоментира, околу роковите за започнување на технолошките зони. Исто така во член 31 сметам дека треба да се каже, што до колку во рок од 12 месеци, оној кој добил дозвола за отворање на индустриско технолошка зона, како основач, а не започнал со работа, бидејќи вели дозволата после 12 месеци му се одзема. Сметам дека и тука треба да има одредени критериуми и санкции за оној кој ја добил дозволата, го добил одобрението, тој простор го држел 12 месеци, а не започнал со работа.

На крајот би завршил со тоа дека во првата фаза ќе го поддржам Предлогот за донесување на закон за технолошки индустриски развојни зони.

По однос на вториот дел, кога ќе биде изјаснувањето по амандмани, ќе се изјаснам дополнително. Благодарам.

**Љубиша Ѓеорѓиевски:** Збор има господинот Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, поитувани пратеници, почитуван претставник на Владата.

Владата на Република Македонија кога најави дека приоритет ќе биде економскиот развој или создавање на услови за подинамичен и позабрзан економски развој, тогаш коментарите доаѓаат од голем број на пратеници од опозицијата, па и од лидери на политички партии, дека приоритет треба да биде даден на решавање на отворените политички прашања во државата. но, еве за кусо време, мислам дека веќе имаме сугесии од пратениците од опозицијата, приориет и во Парламентот да биде расправата по економски прашања.

Денес ние имаме еден таков законски проект кој според моите оценки, навистина ќе биде еден од системските мерки што ги предлага Владата за позабрзан еконмски развој во нашата држава.

Ако се направи и можеби треба да се направи една анализа за технолошкиот развој на Република Македонија, бидејќи по сите параметри Република Македонија заостанува во технолошкиот развој.

Ако тоа е еден од проектите кој на некој начин овозможува позабрзан економски, но и технолошки развој, сметам дека овој законски проект треба да го поддржи Парламентот и што е можно побрзо да се донесе и да обезбеди услови за странски инвестиции, но сигурно и а инвестиции од страна на домашните фирми.

Според мене, со овој закон се отвораат можности за економски развој во Република Македонија, но како што реков и за технолошки развој. Од тие причини, мислам дека е добро што Владата има и програми и проекти за информатички развој, но добро е што и овој закон го предлага, поготово што во него точно е наведено кои дејности ќе имаат приоритет кој треба да се развива во Република Македонија. Значи во овие технологшко инстустриско развојни зони, меѓу другото се дава приоритет на информатичката дејност, се дава приоритет на научно истражувачката работа и сигурно дека се дава приоритет на нови технолошки развојни програми. Од тие причини сметам дека треба да го поддржиме овој закон што е можно побрзо да се донесе, но пред се да се обезбедат услови за имплементација на овој закон.

Да заклучам, овој законски проект јас ќе го поддржам.

**Љубиша Ѓеорѓиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Почитуван претседателе, почитувана госпоѓо министерке, почитувани колеги пратеници.

Со задоволство го разгледував овој предложен текст на закон и јас ќе го поддржам затоа што верувам дека ќе придонесе за унапредување на економскиот развој, преку привлекување на странски капитал и преку влез на знаење што нам секако ни е потребен кој ќе го унапреди нивото на технолошки развој во земјата во целина.

Она што е разлика, да речам, од постоечкиот Закон за слободни економски зони е еден вид спојување на двата аспекти, на слободните економски зони и на технолошките зони или зоните за технолошки развој . Во некои земји се водат како технолошки паркови. Има повеќе видови на зони со одредени специфики. Во таа смисла мислам дека е добро што се обдинуваат овде во едно, со оглед на тоа што рокот на можно треење на овие зони е ограничен и што на накој начин ќе си имс еден поширок приод во сево ова.

Сметам дека 80% за извоз е доволно. Тоа е убедливо голем процент на извоз што е неопходен за да се обезбеди функционирање на слободната зона, а од друга страна е добра идејата. Јас исто сум на тоа мислење дека би било добро да може локалната самоуправа исто така да биде основач на зоната, се разбира во соработка со Владата и со конечна дозвола на Владата. Така е и осмислено во сите земји. Крајната инстанца е Владата која ги одобрува тие решенија, колку што барем на мене ми е познато.

Инаку, колку во прилог на ова тврдење, би го навела она што значи дефиниција на технолошки парк кој исто така е еден вид слободна зона. По дефиниција технолошки парк значи соработка на локална самоуправа, на капитал, бизнис сектор и знаење или наука. Значи по дефиниција овие три елементи одат заедно и локалната самоуправа е базичен носител на иницијативата и овозможувач

да се развие еден технолошки парк, Бидејќи овде зборуваме за некаков спој на слободни еконмски зони, но плус и елементи од технолошки парк, што значи влез и на повисока технологија и стимулирање на влез на повисока технологија, иако не е класичен технолошки парк, дефинитивно тоа е сепак нешто друго, мислам дека би било добро и во овој случај да се предвиди можноста, макар за иницијатива или учество во сево ова, и од страна на локалната самоуправа. Мислам дека тоа е логично и би било добро да може Владата да го предвиди и да го усвои во текот на оваа расправа, до моментот на усвојување на конечната верзија на законот.

Уште еден аспект е спомнуван во јавноста, кога се зборува за слободните економски зони, или слободните технолошко развојни зони, во случајов, се спомнува привелегираноста на странците во однос на домашните инвеститори. Тоа е така. Странските инвеститори во случајот се привелегирани затоа што нам силно ни треба, ни е неопходен дополнителен капитал од оној што веќе го има во земјата. Значи нам ни треба дополнителен капитал и второ, ни треба повиоко ниво на технолошко знаење што во моментот го имаме само во редуцирана форма и тоа во одредени сегменти на индустријата и на производството. Значи поради овие два елементи, нови пари и ново знаење, според мене има оправданост да се фаворизираат странските интестиции во овој перод. Не случајно цело време зборуваме за некаков ограничен период зѕатоа што сите сме свесни дека тоа се стимулативни мерки кои треба да бидатр еден преоден мост кон едно нормално функционирање на економијата каде строго ќе се води сметка за комплетно контролирана конкурентност на сите субјекти, домашни и странски, нешто што е потребно за слободен пазар и функционирање на слободен пазар во една либерална демократија каква што е, по своето уредување и функционирање, Европската унија. Кон неа, се разбира, сите се стремиме и затоа велам овие зони се еден преоден период, еден мост кој ќе ни помогне побрзо да можеме да го постигнеме економско-технолошкиот развој што постои во Европската унија и побрзо да се прилагодиме кон сите стандарди кои таму на полето на пазарот и на економијата и на технологијата, функционираат. Значи, тоа е моето мислење околу причините зошто еден ваков закон е потребен и зошто е потребна, пред се, силна волја, политичка волја на Владата да поддржи еден ваков закон, затоа што не е далеку од вистината, констатацијата дека и во претходниот Закон за слободни економски зони, голем дел од овие прашања беа решени. По игра на случајот јас бев одговорна за тимот кој работеше во Министерството за развој, во 1998/1999 година токму на оформување на тогашниот Закон за слободни економски зони. Во тоа време тоа беше револуционерна идеја и навистина беше потфат кој носеше нешто многу ново. Во тогашното Министерство за развој кога бев заменик министер, сорботував со повеќе колеги и инжењери и технолози и економисти, од различни министерства, имаше интерресорска група, во неа беше и колегата Венцо Арсов кој сега го гледам како претставник од Владата, кој исто така учествуваше и во изготвувањето на верзијата на овој законот. Значи една цела екипа, интерресорска работеше на тоа, беа анлизирани сите познати случаи на слободни зони во светот, во тоа време и беше извлечен еден концепт кој беше добар, меѓутоа во текот на неговото практикување се покажаа два недостатоци. Прво, тој концепт не беше доволно либарализиран, бидејќи тој одговараше на нивото на политичка свест во тоа време во земјата, пред речиси 10 години, а од друга страна и тој концепт ќе дадеше многу поголеми резултати ако се случеше следните влади кои функцинираа во Македонија да му дадеа вистинска поддршка и да имаа еден отворен однос кон странските инвестиции,без условување со маржите кои треба да бидат оставени на една или на друга адреса, за да може да се отвори една таква слободна економска зона. Токму поради тоа, веројатно меѓу останатите, имаме само две слободни зони, колку што јас знам, кои функционираат, кои се отворија од тогаш до сега.

Значи тоа што овој закон, верувам дека ќе го направи и има шансе да го направи функционален, се разбира, тоа се одредените подобрувања кои што во него постојат, но пред се политичката волја на субјектите од кои е конституирана Владата и кои што навистина се максимално отворени кон странските инвестиции без никакви комплекси, но и без уцени од одредени моќни економски центри во државата кои што би го кочеле влезот на странски инвестиции како што тоа беше случај во повеќе наврати во изминатиот осумгодишен период. Значи, конечно да заклучам со две работи. Јас ќе го поддржам овој закон и од мое име и од име на партијата ДОМ. Ова е еден многу логичен потег, многу добар потег и го стимулира целиот процес на економски развој на земјата и отворање на земјата и кон јака економска размена и размена на знаења со оние кои што тоа го имаат.

Но, сакам да нагласам уште еден аспект дека паралелно со привлекувањето на странски инвестиции ние треба да помислиме многу сериозно за поддршка, силна поддршка на домашните инвестиции и на домашните производители, затоа што паралелно со влезот на нови средства и на ново знаење, ние мора да ги следиме тие текови и да бидат следени и од домашните производители, затоа што инаку, ако не учиме од оние кои што доаѓаат и ако не ги поддржиме веќе постоечките фирми и нови фирми кои што треба да нараснат во следниот десетгодишен период, се разбира нема да биде доволно да се ослониме исклучиво само на странски инвестиции. Значи, мора ние да растеме, ние да зајакнуваме, наши субјекти постоечки и нови што ќе израснат да зајакнуваат за да имаме конечно една здрава и силна

економија. Но, тоа е веќе прашање за некоја друга тема. Јас во оваа прилика тоа само го отворам, но на тоа работиме и во рамките на партијата на ДОМ, на економската комисија и наскоро ќе излеземе и со некои конкретни понуди. Верувам дека во соработка со Владата тие работи ќе можат да бидат реализирани, бидејќи во основа тоа и е концептот на Владата. Основата на оваа политика и на овој мандат на Владата е да се обезбеди еден силен и здрав и одржлив што е најважно економски развој. Значи, со поддршка на овој закон, останувам за понатамошни сугестии.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувана министерке,

Во излагањето на госпоѓа Лилјана Поповска се кажува дека и стариот закон беше добар, но нивото на политичката свест не беше добра. Ако се погледа стариот и новиот закон, ќе се забележи максимална сличност на двата закони. Освен променетата терминологија што е работа на шминка. Порано се викаа: слободни економски зони. Сега, технолошки индустриски развојни зони. Освен изземањето на дејности од текстилната индустрија во стариот закон, вклучувањето во новиот како и она градежни објекти на актуелните листи на “Фортун глобал 500” и “Бизнис ви глобал 1200” во вредност од 500 илјади евра итн, односно членот 8 точката 6, поголеми измени во двата закони нема. Па сепак, не профункционираа технолошките индустриски развојни зони веќе повеќе од 6 години. Кога ќе се оди на Бунарџик ќе се види дека ништо не се работи. Поради тоа политичката свест кое е мерилото дека сега е на повисоко ниво отколку во времето на Демократската алтернатива, помошта од Тајван и господинот Тупурковски кога беа, да потсетам, првите лопати со панделки.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика една минута Лилјана Поповска.а

**Лилјана Поповска:** Благодарам.

Колешке, вие самата го кажавте всушност одговорот на прашањето дека апсолутно немањето политичка волја и политичка свест, дека потребно е да работат слободни економски зони, беше причина што не профункционира и Бунарџик и многу други потенцијални слободни зони. Имено, да не заборавиме дека за Бунарџик беше избран потенцијален инвеститор чиј што бонитет не беше проверен. И на крајот испадна дека ние имаме работа со несериозни партнери. Но, очигледно тоа некому не му било битно да го провери, веројатно нешто друго било побитно. Токму затоа политичката волја е многу битна за нешто да профункционира.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе.

Би сакал да го искажам своето мислење во врска со Предлогот за донесување на закон кое мислам дека ќе биде радикално различно од најголем број од пратениците, без разлика дали доаѓаат од позицијата или од опозицијата. На почетокот сакам да кажам дека очекував од госпоѓата министерка поинакво воведно излагање во кое ќе ни бидат образложени работи што не се во законот, вклучувајќи и очекувања на Владата. Меѓутоа добивме едно воведно излагање кое оценив дека и нема потреба да се даде, затоа што буквално беа прочитани членовите од законот кои ги имаме веќе пред нас. Немаше потреба од такво воведно излагање. Тоа што го нема ниту во законот, ниту во воведното излагање и што за мене е главен индикатор што Владата со овој закон мисли дека треба да се направи е следново. Би сакал да го посочам следново. Мислам дека и самата Влада преку воведното излагање и преку текстот на законот ако малку повнимателно го прочитаме тоа што не е напишано, односно при читањето го утврдиме тоа што го нема во законот, ќе сватиме кои се и очекувањата на Владата. Имено, во законот фалат, во образложението неколку работи што традиционално треба да ги има и неколку работи што традаиционално Владата ги очекува. Според тоа што законот е предложен во една фаза да оди, Владата очекува веројатно денес или утре, зависно од дискусиите, тој ќе биде донесен. Ние досега не слушнавме две работи. Прво е, кои се буџетските импликации по однос на законот. Значи, Владата нема ниту една единствена пресметка доставено ниту искажано во јавноста, ниту напишано во законот, што на крајот на краиштата е и нејзина деловничка и законска обврска, да знаеме колку средства планира да потроши за спроведувањето на овој закон, односно колку средства мисли да не приходува во Буџетот, исто така врз основа на овој закон. Бидејќи законот се базира на две работи. Ако дојдете да основате технолошка зона и инвестирате во неа, вие добивате пари од Владата за да работите, а да не плаќате никакви даноци на Република Македонија. Владата нема ниту една пресметка колку пари ќе потроши за тоа, а колку пари нема да се уплатат во Буџетот врз основа на тоа. Со оглед дека тие не се ни во воведното излагање ни во образложението, ценам дека и самата Влада е малку исплашена да влезе во било какви проценки во врска со законот и дека законот го носи од една единствена причина: ние да направиме нешто, па ќе видиме за резултатите понатаму, или како што господинот премиер во последниве 2, 3 дена па и повеќе соопштува во јавноста, резултатите ќе дојдат до 2009 година. Што е јасно укажување дека Владата апсолутно нема концепт како да ги решава економските проблеми. Република Македонија не е држава која е основана на 5 јули 2006 година, па сега некој да почнува да размислува дека резултатите ќе дојдат по 3 години. Имало и претходно процеси, имало претходно слободни економски зони, имало претходно инвестиции. Сегашното бегање мислам од овој закон на начинот на кој не се има потреба нешто да се

соопшти, едноставно продолжување на една владина, јас би рекол, агонија од која тешко дека и самата ќе излезе.

Втора работа што сакам со законот да ја соопштам. Наспроти егзалтираноста на голем број од пратениците во врска со постоењето на законот е ако дозволите да употребам еден србизам: законот е стара прича. Имено, овој закон е донесен во 1999 година во ова Собрание под името Закон за слободни економски зони. Госпоѓата Филипова пред малку во една реплика го зборуваше тоа. Имено ова е концептот на господинот Тупурковски и ДА, дека во македонската економија нема да се инвестира на регуларните начини според правните норми и според правниот систем на Република Македонија, туку ќе направиме закон со кој на одредени територии на Република Македонија ние ќе создадеме поинаква економска државност, поинаков економски систем, ќе го оградиме со една жица и ќе кажеме: до жицава важат економските закони на Република Македонија, од жицава натаму, важат економски закони на некоја друга Република Македонија која има посебни закони за ова подрачје. И тоа ќе ги привлече економските субјекти да инвестираат. Јас и тогаш бев пратеник во опозицијата и тогаш бев скептичен за таквото однесување на Владата. Владата во една иста егзалтираност каква што постои денеска кај Владата и тогаш имаше Владата на Љубчо Георгиевски цели 12 месеци егзалтирана од успесите кои ќе ги донесе. Законот се донесе. Дури и се основа зона, без разлика дали ќе ја наречеме слободна економска, или технолошка индустриска зона, тоа е за една иста работа, два различни поими кои немаат никакво спротивставено значење. Се основа една зона која до ден денес нема ниту една инвестиција која работи, а единствената инвестиција која таму во моментов има активности дека ќе заживее е Џонсон Контрол која, знам дека може ќе предизвика бура ова што ќе го кажам, меѓутоа сакам да го кажам. Прво, таа инвестиција е донесена од претходната Влада. И, второ, таа не е економска инвестиција. Нема да можам да образлагам од очигледни и од јасни причини. Меѓутоа, како министер во Владата бев сведок уште од првото доаѓање на Џонсон Контрол, тогаш мислам дека беше премиер Хари Костов, на првата средба со нивниот потпретседател до финиширањето на договорот и камен темелникот кој е единствената таква работа што денес во Македонија се случува е со повеќе политички отколку економски мотиви. Не можам јавно да образложам зошто тоа го мислам, затоа што може да се случи да наштетам на македонската економија, на билатералните односи на Македонија со некои држави итн. Меѓутоа, тој концепт не функционира. Овие погодноси што Владата сега ги дава со мали измени постојат во слободните економски зони во Република Македонија и тие не функционираат осма година, од 1999 година наваму и не гледам зошто би профункционирале.

Во Македонија годишно според податоците на статистика кои во основа треба да ги земеме како точни, иако не сосема точни заради проблемите кои постојат во нашата статистичка служба, меѓутоа во основа јас сум еден од оние кој верува во нивните податоци. Годишно во Македонија се инвестираат околу 17 до 18% од бруто домашниот производ кој изнесува околу според проценките на Владата 330 милијарди денари оваа година, тоа значи во евра да поедноставиме околу 5,5 милијарди евра. Една проста математика 17% во моментов, без да пресметувам на децидни броеви е околу една милијарда евра. Значи, во македонската економија почитувани пратеници и почитувана министерке се инвестираат годишно една милијарда евра. Тоа е фокусот каде што Владата мора да се концентрира. Овој закон се обидува на оние педесетина милиони евра, или шеесет или седумдесет кои ќе бидат во слободните економски зони, сега наречени технолошки индустриски развојни зони, една именка со три придавки. Нема потреба апсолутно никакви бенифиции да добиваат за разлика од другите 900 милиони евра кои се инвестираат. Јас и како пратеник и на крајот на краиштата и како економист сум противник во економскиот систем на нашата мала економија и мала држава да постојат такви дисторзии кои овозможуваат да инвеститорите без разлика тие од каде доаѓаат, затоа што овој закон зборува и за домашни паралелно со странски, да им дава сериозни бенефиции, значи многу сериозни бенефиции зависно од тоа каде ќе се постави металната ограда, или жица како што овде се кажува во законот и каде вие ќе инвестирате. Или со поинакви зборови, ако господинот, еве да не земам некој од пратениците за да не ми се налути, Љубиша Георгиевски сака утре да инвестира во производство на техника за преведување што ја користиме во Собраниево и ако инвестира на некоја парцела каде што нашол земјиште, за него ќе важат сосема различни закони од оние, ако инвестира компанијата која тој сака да ја основа во економската зона оградена со жица. Односно тука ќе плаќа даноци, таму нема да плаќа даноци, тука ќе има царински поволности, таму нема да има царински поволности, на едното место ќе треба да си ја купи земјата, на другото место Владата ќе му ја поклони, на едното место ќе треба да си плати комуналии, на другото место Владата ќе му ги плати комуналиите, на едното место ќе треба да оди до царински складишта, за царински процедури, на друго место цариниците ќе му бидат на жицата. И сега да не ги набројувам сите погодности кои произлегуваат од законот, дел од нив во дискусијата по одредени членови ќе сакам да кажам. Тоа значи дека ние ќе го стимулираме некој господин, или некое правно лице, инвеститор во крајна мера да размислува, зошто јас би инвестирал во нормална ситуација кога можам да инвестирам во слободна економска зона која ќе ми ги намали сите овие проблеми. Значи, ние ќе внесеме сериозна дисторзија во

системот. И што е најболното, не е една, туку икс, неограничен број потенцијални дисторзии кои како капка мастило кога ќе пуштите од три метри на хартија, кога ќе удри, ќе се распрска по територијата, затоа што тука вели, територијата на Македонија е цела потенцијална економска зона зависно од одлуката на Владата со просторен план и може една територија на економска зона да е дисперзирана на повеќе територии. Значи, економска зона под име икс ипсилон да има територија во Гевгелија, територија во Штип, територија во Скопје, во Тетово по една парцела, затоа што тоа законот го овозможува. И одете сега вие инвестирајте во оваа држава. Што ќе каже оној инвеститор кој инвестира денес, што ќе каже оној инвеститор што инвестирал вчера? Инвестирал, почнува да плаќа даноци, вработува, на нив плаќа исто даноци, си плаќа комуналии, си плаќа такси, водовод треба да му се донесе, треба да си плати. Сега овој со законот утредента има различни услови. А во Македонија госпоѓо министерке и вие сте свесни дека секоја фирма што не е микро, или мала, од средна нагоре извезува. Кој може во Македонија да опстане со 400, 500, а да не зборуваме со повеќе вработени, ако нема извоз. Сите наши компании кои ние ги знаеме и се рекламираат со исклучок на услугите кои се прилично домицилно ориентирани се извозни. И сега некој само заради тоа што има фирма од пред десет години ќе работи по правилата на македонската економија, некој што утре ќе инвестира, ќе работи по новите правила. Овој првиот економоската логика ќе го натера таа милијарда кои се македонските инвестиции годишно, да почне да размислува, зошто јас акумулацијата, или амортизацијата, или двете заедно, со економски речник што ми остануваат оваа година од еден милион евра би ги инвестирал во мојата фирма повторно да го проширам производството, кога ми овозможува државата да се инсталирам преку оградата и таму да не ги плаќам даноците и таму да добивам други погодности. Ќе почне да настанува процес на дисторзија на инвеститорите, прво да ги пренесуваат, јас фигуративно зборувам, своите активности преку жица. Второ, да го пренасочуваат својот капитал во странство, што е лагално, да можат преку банкарските канали тие пари од странство да основаат компанија таму и да ги вратат назад заради погодности. Тоа се такви дисторзии на системот во кој јас ќе бидам пресреќен, со оглед дека не можам да го спречам донесувањето на овој закон, овој закон да не профункционира. Затоа што не можеме ние да имаме икс случаи за инвеститорите во Македонија, ние не сме Кина со милијарда и триста милиони жители да имаме економски зони од по 300 илјади вработени. Тие го одбрале тој модел, или Полска со 40 милиони жители. Кај нас дисторзиите ќе почнат да стануваат правило на однесување, особено што во системот на законот, Владата е главниот субјект кој тоа го одредува. Дали Владата, дали основаната дирекција која е владин орган, тие два органи ќе можат да пропишат на господинот Поповски нема да му дозволиме, нека си работи со даноци на територијата на Република Македонија, нека си плаќа се, на госпоѓата Рафајловска може да и дозволиме преку жицата да ги обавува економските активности. Такви дисторзии убеден сум дека системот во Македонија нема да издржи и инвеститорите плашејки се дека се во нерамноправна ситуација со коинвеститорите во зоните, или ќе бегаат во зоните, или ќе бегаат во други начини на инвестирање во Република Македонија, ќе купуваат обврзници, односно ќе избегнуваат да бидат онеправдените. Или едно производство кое веќе функционира и истото кое утре ќе профункционира во зоната немаат такви услови, значи на пазарот се нерамноправни, едниот е повеќе одданочуван, значи тој ќе пропаѓа на пазарот, па дури и во извозните работи што ги навестува законот. Значи дека ваквите одредби мене ми се неорифатливи. Иако знам дека ова еднаш помина, дека промоторите на оваа работа од прилика се истите оние од 1999 година, а еве сега ги слушнавме двајцата минситри од тогашната Влада кои се изразија “про”, тоа се господинот Павле Трајанов и госпоѓата Лилјана Поповска кои беа минситри во Владата на господинот Љубчо Георгиевски кога се донесе законот. Господинот премиер беше минситер во истото тоа време. Меѓутоа, таа работа не успеа, Бунарџик е токму бунарот на македонската економија. Не верувам дека овој закон ќе успее, не верувам дека е правичен кон инвеститорите.

Дозволете да кажам и неколку конкретни работи по членовите и да кажам зошто мислам така како што кажав. Би замолил госпоѓата минситер, ако сака, да образложи пошироко пред Парламентот што значи членот 3 кој гласи: “изведување на работите за основање и работење на зоните е од јавен интерес”. Нешто да се прогласи дека е од јавен интерес е крупна работа. Зад ова сигурно има нешто што Владата треба да ни го соопшти зошто економските активности ги прогласува за јавен интерес, што се крие зад ова. Или пак јас не можам како економист да навлезам, можеби правниците можат, зошто во законот се вметнува поимот дека ова е од јавен интерес. Знаеме дека како јавен интерес обично се уредува нешто друго што е поинаку од економските активности во една држава.

Фактот што законот дозволува основач на зоната да биде правно физичко домашно, странско лице и т.н. е дополнето во членот 4 и со одредба дека основач на зоната може да биде и Владата на Република Македонија. Ова го сметам за еден регресивен процес, односно Владата на Република Македонија да се вклучува проактивно, директно како основач на стопански субјекти во вид на технолошки зони и да стопанисува со нив, во услови кога Владата се одалечува од традиционалните економски активности кои припаѓале на неа, јавниот сектор, да имаме

приватизација на детски одмаралишта, приватизација на стоматолошка дејност, здравствена заштита, приватизација на образование, на енергија, телекомуникации и да не набројувам уште на што, а тука Владата влегува на една малечка врата, која е нетипична за економски активности на Владата.

Во членот 6 мислам дека е вградено најголемото дискреционо право на Владата директно да влијае на економските активности во државата од аспект на тоа на кого ќе му помага со буџетски стимулации и на кого ќе му помага со даночни олеснувања. Во членот 6 децидно е напишано дека “корисник на зоната треба да врши дејност и производство засновано на нови технологии”. Прашувам кој е критериумот да се процени што е нова технологија, зашто Владата со овие три збора “производство засновано на нови технологии” кое не може да го пропише, односно со кој акт Владата ќе го пропише тоа. Нови технологии има во сите производства. Вие можете да произведувате и примарно земјоделско производство со нова технологија. Пред десет - дваесет години нова технологија беше системот Капка по Капка и ако ги има агрономите во Парламентот, сигурно и денес можат да ни кажат што е нова технологија во производството на домати, пиперки и краставици. И таму има нови технологии. Нови технологии има во услугите за давање брза храна, “драјв ин” концептот е нова технологија. Нова технологија е и производство на информациска технологија базирана на нано технологија. Тоа е една толку широка лепеза и дијапазон што се подразбира под нова технологија што сум убеден дека Владата ќе се претвори во дискреционо тело која ќе одлучува кој може, а кој не може, односно ќе врши натамошна селекција на инвеститорите во Република Македонија, бидејки Владата е политички орган, а на начинот на кој функционира Владата-вчера гледавме на пример како партиски комитети делат земјоделско земјиште-и сум уверен зоните можат да се претворат, Владата да ги основа и да дозволува на блиските фирми до Владата да инвестираат таму капитал врз основа на вакви дискрециони права вметнати во законот.

Веќе зборував и го сметам за крајно дискриминирачко, на сите инвеститори во Република Македонија да им се нуди дека во член 8 на овие другите ќе им се даде ослободување од надоместот за уредување на градежно земјиште и дека тоа ќе го надоместува во ставот 2 Владата на Република Македонија, а знаеме дека тоа го надоместува секој посебен инвеститор. Се ослободуваат од обврската да градат засолништа согласно Законот за заштита и спасување и плаќање придонес за изградба, одржување и опремување на засолништето. Значи тоа се дополнителни дисторзии, можеме да ги читаме но не би ги читал. Членот 8 е преполн со такви. Условно да кажам еден вообичаен нормален инвеститор нив ги нема, а апсолутно не верувам дека ова ќе поттикне некакви инвестиции кои во Македонија од милијарда ќе одат нагоре, зборувам за крупните инвестиции. Само ќе изврши внатрешна прераспределба на инвестициите. Таа милијарда ќе ја преполови кон зони, каде што имате закони кои во вулгарна смисла на зборот не се општотоправило на економскиот систем на Република Македонија. Со оглед дека јасно е од сите ставови, еве и член 8 став 2 вели дека одлучува Владата на Република Македонија дали некој ги исполнува условите и т.н.

Мислам дека уште поголем проблем е членот 9 кој ги уредува олеснувањата да врши нова дејност, да не ја пренесува од друго подрачје, а ќе настане пренесување од друго подрачје. Што е проблем на еден инвеститор да формира нова компанија и целокупната своја инвестиција да ја претвори преку новата компанија во инвестиција, а да да запре да инвестира со својата постојна компанија. Тоа е најлесно. Тоа е легално. Јас можам да основам нова фирма, цел мој профит да го насочувам преку таа нова фирма како основач во новата индустриска зона и мислам дека во членот 9 и во ставот 1 со четирите точки во ставот 3, ставот 4 и т.н., Владата ќе се претвори во арбитер кој, каде, колку, како ќе одлучува, значи администрирање кое ќе биде на нивото на системот кој го напуштивме.

Во членот 11 веќе кажав според мене има една многу несреќна формулација, дека зоната може да се состои од повеќе одделни делови на територијата на Република Македонија кои сочинуваат стопански функционална целина. Значи еден дел да произведувате, како што кажав во Гевгелија, вториот во Штип, третиот во Тетово, четвртото да го склопувате во Битола и сите тие да ви бидат една индустриска зона, значи Македонија да биде во економска смисла поинаква од картата што ја замислувале кога ја гледале на некој лист хартија, медиум или билокако.

Втората опасност е што наместо да се креира, покрај стандардниот систем кој постои, уреден со илјадници закони, ова дозволува да има и различни услови во различни зони, што значи секоја зона сама по себе да се разликува од другата во нешто, значи условите да бидат малку поинакви.

Владата основа орган кој не е во состав на постојните органи на државната управа или јас не можев да видам, читајки го законот внимателно. Средствата за работата се обезбедуваат од Буџетот, меѓутоа, Дирекцијата не е во состав на некој орган, значи се дава големо дискреционо право на Дирекцијата и мислам дека Владата повторно, долгорочно, па дури и среднорочно, со оглед дека краткорочните ефекти самата госпоѓа министерка и самиот премиер ги отфрлија со изјавите дека до 2009 година тоа се очекува, газат на трула штица, која при првото, второто газење ќе пропадне односно ќе пропаднете во неа.

Контроверзен е и членот 37 став 2, каде што кажува дека во зоната може, значи има еден фамозен збор “може”, “при производство на стоки

за извоз од зоната наместо македонските да ги применува стандардите, техничките нормативи и нормативите за квалитет кои важат во земјата за која стоките се наменети", и на цените на стоките и услугите во прометот во зоната нема да се применуваат одредбите, прописите и законите кои се однесуваат на регулацијата, толку колку што ја има, на цените во Република Македонија.

Некои од потипичните членови за мене ги прочитав, за да укажам на тоа што на почетокот го зборував дека со овој закон и понатаму се инсистира на економски систем кој е дисторзичен во однос на економскиот систем во Република Македонија, кој венсува субстандардни правила, кој ги одалечува нашит еинвеститори од процесот на поголемо обработување, поголем развој и т.н. и сум многу скептичен.

Од тие причини господине претседателе, иако некои од моите коелги од опозицијата ми најавуваат дека законот е добар, меѓутоа, треба доработка, па ќе гласаат првата фаза да помине, па втората зависно од амандманите и дали со нив ќе се подобри текстот и т.н., јас сум еден од оние луѓе кои не веруваат во ваквите закони и нема да гласам за законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплики се јавија пратениците Ристана Лалчевска, Павле Трајанов и Лилјана Поповска.

Повелете госпоѓо Лалчевска, вашите три минути.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Господине Поповски, многу внимателно го ислушав вашето излагање во однос на законот, односно Предлогот со кој се уредува потребата од донесување ваков закон. Вие проследивте една хронологија од донесување на претходниот закон, вашиот тогашен став во 1999 година кога се донесе сличен ваков закон и вашиот став кој најавивте дкеа ќе биде радикално различен во однос на другите пратеници во однос на ова прашање, но она што го искажавте зборува дека навистина е различен вашиот став во однос на постоење и функционирање на економските зони. Истакнавте дека со постоење вакво решение ние како што точно запишав, "ќе внесеме сериозни дисторзии во системот". Јас не сум економист, не можам да проценам дали вашиот став навистина е прифатлив или не е прифатлив и дали ќе внесеме во економскиот систем таква дисторзија, вие сте економист, го почитувам она што го кажавте, но ќе ги слушнеме мислењата и на другите кои се од оваа бранша.

Меѓутоа, има една многу интересна работа. Кажавте дека сте биле против во 1999 година кога се донесувал сега важечкиот закон за економските зони, а после тоа вие бевте минситер во еден најмоќен економски сегмент, односно минситер за финансии. Сега се искажувате радикално против вакво решение.

Зошто господине Поповски додека бевте минситер за финансии не превзедовте било што да се укине постоењето на таквиот закон, бидејки и онака економските зони не профункционира по тој закон. Вие можевте тогаш да покренете иницијатива, предлог и т.н., да искажете таков радикален став за овие економски зони и да предложите укинување на законот. Со тоа ќе го елиминиравте законот и немаше да постои страв од дисторзија, како што велите, на економскиот систем. Зошто сега вашиот став е толку радикализиран и дали беше таков ставот кога бевте минситер за финансии, кога можевте видно да влијаете на овој сегмент. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика за пратеникот Никола Поповски. Вашата минута, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Ова се невообичаени прашања, затоа што мислам дека и понатаму Парламентот разговара за минатиот снег. Меѓутоа, ќе и кажам на госпоѓата Лалчевска.

Прво, затоа што вашата власт врз основа на Законот за слободни економски зони склучи договори на 50 години со тие што влегоа да ги користат одредбите според законот и тие закони не можете ретроактивно да ги укинете. Ние не основавме ниту започнавме активности за ниту една нова економска зона. Мојот став и тогаш беше и сега е против. Меѓутоа, вие потпишавте договор за Фени кој има важност на 50 години. Сега се плашам дека ќе се случи истото кога ќе се донесе овој закон, ќе се склучат 5-6 договори на 50 години и после идните 50 години сите влади ќе имаат заврзани раце. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има господинот Павле трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Благодарам.

Само накусо да кажам, бидејки господинот Поповски мислам дека искажа два спротивставени става околу исто прашање. Прво, во своето излагање тврди дека има дисторзија на системот, тоа значи дека голем број на фирми, домашни и странски компании наместо да инвестираат во другите подрачја ќе инвстриаат само во овие технолошко-индустриски развојни зони. Од друга страна, искажа дека апсолутно нема да профункционира и овој закон.

Јас мислам дека отпорите што беа во текот на изминатите години околу странските инвестиции или необезбедување добри услови кои ќе го привлечат и странскиот и домашниот капитал се причина за огромниот дефицит кој го имаме во Република Македонија. Ако е тоа над 1,3 милијарда денари покажува дека Република Македонија треба да направи се, како што го направиле тоа и голем број на други држави, да привлече инвестиции и странски и домашни. Сигурно дека ова е еден пакет на мерки што ги предлага Владата, значи само дел од тие мерки се слободните или технолошко-индустриски развојни зони. Во таа насока мислам дека сите оние што на овој начин дискутираат, и покрај тоа што знаат дека има шанса да се подигне економскиот развој, да се поттикне технолошкиот

развој на државата дека се противат од едноставна причина што не успеале во минатиот период да го поттикнат инвестирањето или влезот на странскиот капитал. Ако вака продолжиме со отпори спрема економските реформи, тогаш навистина ќе имаме проблем и после 4 години да дискутираме на истата тема со истите оценки дека сите сме за економски развој, во суштина нема добра клима тоа да се направи што е можно побрзо. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господин Никола Поповски.

Повелете вашата минута.

**Никола Поповски**: Благодарам.

Не мислам дека со господинот Павле Трајанов можеме да реплицираме ако имаме толку различни политички сваќања. Меѓутоа, господине Трајанов, вие се обидовте еднаш со ова. Ова го направивте во 1999 година, истиот закон беше со друго име, а 2002 година имавте катастрофа, бројот на невработени се зголеми за 100 илјади, бруто домашниот производ во 2002 година ви беше со раст 0,9%, значи стагнантен, а претходанта година бил минус. Значи ништо не направивте, ниту имавте странски инвестиции и со таква политика.

Јас сметам дека во Македонија не треба очајнички потези да влечеме. Ова се очајнички потези. Треба навистина трпелива стратегија да има. Ќе има и проблеми, нема да реализирате се што сте ветиле, меѓутоа, треба трпеливо да се работи. Со вакви дисторзии само се одалечувате повеќе и повеќе од точката на која треба да стигнеме како Република Македонија, а одалечувањето, тоа го кажувам, е дисторзија на системот, еден ден ќе треба да се враќа назад.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има Лилјана Поповска.

Повелете вашите три минути.

**Лилјана Поповска:** Господинот Никола Поповски многу искрено кажа зошто не го поддржувал Законот за слободни економски зони во минатиот период, тој го објасни својот став, тоа е за почитување, тоа е негов став.

Но, во случајот јас сакам тоа да го потенцирам затоа што е директна потврда на моето објаснување зошто Законот за слободни економски зони не функционирал досега. Имено, јас кажав дека не постоела политичка свест и волја дека таквите зони се полезни и можат да бидат полезни за Република Македонија.

Сега би го дополнила ова со уште еден елемент. Имено, во изминатиот период ние имавме растечка корупција и оргинизиран криминал со кој ни една Влада не успеа да се справи и кој остана на товар и на оваа Влада, па да видиме какви ше бидат резултатите по истекот на овој мандат.

Корупцијата и немањето политичка волја и свест за потребата од ваков пристап се двете главни работи зошто не можеше да профункционира еден ваков закон за слободни економски зони. Верувам дека сега има шанса да профункционира овој закон за слободни зони затоа што политичка свест и волја очигледно има, доколку тоа се поврзе со успешна борба со корупцијата, тогаш резултати секако ќе има.

Јас би сакала на колегата Поповски да му обрнам внимание на две работи зошто сум убедена дека овој закон и при делумно исполнување на дел од неговите стравувања ќе биде позитивен. Зошто? Затоа што едно нешто што ќе реши тоа ќе биде намалување на бројот на невработените односно зголемување на вработеноста, а тој проблем е најголем проблем во моментот од економските проблеми со кои се судираме.

Уште на една работа сакам да укажам која мислам дека сите сме ја слушнале, но еве уште еднаш да потсетам, вакви слободни економски зони не постојат само во огромни земји како Кина, па таму да има оправдување за нивно постоење. Вакви слободни економски зони постојат и во земји кои се споредливи по големина со Македонија. Да не заборавиме колку успешно функционираат такви зони во Словенија, околу Марибор конкретно. Исто така во една Унгарија, Романија, тие се нешто поголемо, но не се од рангот на Кина. Значи, има многу, многу примери кои се успешни приказни за вакви слободни економски зони и јас навистина немам причина да се сомневам дека до овој период до пристапувањето кон ЕУ тие слободни зони ќе бидат значаен мост преку кој ќе го забрзаме економскиот развој. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Никола Поповски, повелете вашата минута.

**Никола Поповски:** Не е контра реплика, туку мислењето. Да сме живи. Еве, јас се обврзувам дека ќе ја поканам госпоѓата Поповска на ручек 2010 година пред изборите да поразговараме што се случува со зоните.

Таа кажува дека има позитивни искуства, точно, меѓутоа и негативни искуства. Едно од најголемите негативни искуства на ова поле е Република Македонија сама по себе и тоа со прошлата власт не со власта на ВМРО-ДПМНЕ.

Второ, се плашам дека ќе делува дисторзивно кон вработувањата. Ако јас сакам да вработам 20 луѓе и ако некој ми овозможува позади жицата да имам селективни услови, јас ќе ја чекам жицата и ќе ги одложувам вработувањата.

Трето, толку дискрециони права во законот можат, не прејудицирам госпоѓо Поповска, меѓутоа, можат толку дискрециони права да ја зголемат корупцијата точно заради тоа што некој бенефицирал дискрециона одлука на дирекцијата и на Владата да работи во економски систем кој не се вика Република Македонија, дури ни стандардите не се под Република Македонија, а камо ли даночните, кредитните, царинските и да не набројувам кои други услови. Меѓутоа, имаме различно мислење, тоа е Парламент.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, овој турнус на реплики го завршуваме, предлагам да го завршиме со репликата на Никола (ки ви вра вен вра) на српски “живи били па видели”, поканете ме и мене на таа вечера, со задоволство ќе сведочам.

**Никола Поповски:** Го задржувам дискреционото право само за госпоѓа Поповска.

**Љубиша Георгиевски:** Е, тоа е веќе соработка која ме радува.

Има збор господинот Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе, почитувана госпоѓо министер, почитуван претставник на Владата, почитувани колеги пратеници,

На почетокот од моето излагање сакам да кажам една работа со која би ги опоменал пратениците од власта, од позицијата дека воопшто не се заинтересирани за економските закони, бидејќи во салата се присутни само 50%, а може и помалку од нивното мнозинство.

Меѓутоа, тоа е тоа, декларативно на хартија се залагаат за економски просперитет на државата кога треба да дојдеме и да расправаме за вакви закони секогаш изнаоѓаат свои изговори, си наоѓаат оправдување за нивното отсуство. Меѓутоа, ние ќе си го кажеме своето мислење,па сметам дека  дел од пратениците кои се присутни ќе земат активно учество во давање свое мислење и видување за законот за технолошки и индустриски развојни зони.

Чутајќи го овој закон и разгледувајќи го мислам дека нема никакви суштински разлики меѓу Законот за слободни економски зони донесен во 1999 година и законот за технолошки, индустриски развојни зони. Кога ќе се направи споредба се гледа дека се минорни отстапувањата.

Јас би се навратил на неколку други работи и на неколку членови кои имав прилика да ги разгледам и да најдам свои забелешки. Ме чуди фактот што овој закон ни беше даден во собраниска процедура, а Владата донесе одлука за формирање на слободна економска зона. Мислам дека со ова се доаѓа до една контрадикторност во тоа дали овој закон е суштински изменет или е скоро ист со претходниот закон. Сведоци сме на тоа што пред 10-тина дена во “Службен весник” излезе Одлука од Владата за формирање на нова слободна економска зона на локалитетот Три чешми близу до Штип. Меѓутоа, мислам дека тоа е разлика и тука има едно согледување на идентичност и автентичност на двата закони. Можеби е само промена во името на законот.

Во причините поради кои се предлага овој закон е наведена една, по мене, дискутабилна одлука односно дискутабилност околу еколошките стандарди.

Прво, што подразбираме под еколошки стандард? Еколошките стандарди не се само декларативни, прецизно се дефинирани со новиот Закон за животна средина кој беше донесен од претходниот состав на овој Парламент. Знаеме дека во една индустриска зона можат да се најдат повеќе сегменти односно повеќе дејности за кои се предвидени различни еколошки стандарди и според тоа сметам дека требало еколошките стандарди да се иземат односно да се стават не само декларативно, туку требало да има попрецизна слика односно за секоја дејност требало да се име попрецизен еколошки стандард.

Од друга страна сакам да се навратам на некои членови кои сметам дека треба да се прокоментираат.

Нови технологии со високи еколошки стандарди, тоа е членот 6. Видете, ние, согласно одредбата дека слободни технолошки индустриски развојни зони можат да се формираат и во урбани средини. Ние имаме такви урбани средини каде зоните можат да профункционираат. Доколку се има слух,доколку се има сенс за економија такви слободни економски зони односно технолошки индустриски развојни зони можат да профункционираат во Република Македонија. Во самиот локален економски развој повеќе општини имаат свои индустриски зони. Тие индустриски зони се опремени со сите сегменти кои треба да ги задоволува една технолошко-индустриски развојна зона. Зошто е донесена таква одлука и зошто се преферира да се основаат технолошки индустриски развојни зони на подрачја, на локалитети каде немаме никаква инфраструктура, каде немаме ништо освен едно земјиште, мислам дека тука е разликата која треба да се почувствува околу економскиот сенс за развој на Република Македонија.

Фактот дека индустриска зона без инфраструктура Бунарџик до сега овие 6-7 години да засеавме пченица, барем општина Илинден ќе се прехрануваше од неа.

Во членот 9 најмалку 80% од продажбата на годишно ниво треба да биде остварена за извоз. Што правиме со 20%? Замислете еден гигант ќе дојде во таа слободна економска зона, односно технолошката индустриска развојна зона 80% од производството ќе го пласира надвор од државата, а 20% може да биде доволен да ја преплави територијата на Република Македонија. Дали е најдено решение за овие 20% или со посебна одредба ќе им се ограничи производството на одредениот субјекти дека не смее да произведува производи кои ќе влијаат на пазарот на територијата на Република Македонија.

Исто така во член 10 основачот на зоната обезбедува средства за основање и почеток на работа на зоната, како и соодветнни просторни еколошки, енергетски, технички и други услови за вршење на дејност во зоната за донесување акт за нејзино основање.

Замислете во таа технолошки-индустриски развојна зона да имаме фабрија за масло, да имаме кожарска фабрика и да имаме фабрика за

производство на гуми. Тоа е реалноста. Една пречистителна станица која ќе ги задоволува критериумите за производство на масло чини најмалку 500.000 евра. Кој ќе ги инвестира тие пари? Основачот на зоната, инфраструктурата, енергетиката, сето тоа сметам дека и овој закон ќе биде донесен декларативно. Овој закон ќе биде донесен само со едно ново име технолошко индустриски развојни зони, нема да бидат слободни, туку ќе бидат технолошки. Мене ќе ми биде посебно драго доколку овој закон профункционира и доколку ние го свртиме вниманието на големите инвеститори не само од странство туку и домашните инвеститори. Ние се осврнуваме на инвеститори од страна надвор до Република Македонија, но имаме инвеститори во Република Македонија кои не се за потценување. Меѓутоа, со фактот дека технолошко-индустриските развојни зони ќе придонесат до вршење на малверзации од страна на македонските фирми. Како што зборуваа претходните дискутанти сигурно ќе имаме затворање на фирмите, еве конкретно да ја земеме Три чешми локалитетот. Сите штипски фирми ќе бидат затворени и ќе се преселат во слободната економска зона сегашна или во иднина по донесувањето на законот технолошко-индустриски развојни зони. Дали тие фирми ќе ги пренесат и сите вработени? Дали ќе останат луѓето на улица? За сето тоа треба да добиеме одговор, меѓутоа, јас се надевам дека и овој закон кој е предложен ќе биде барем еден од условите за инвестирање во Република Македонија. Иако сум скептичен дека овој закон ќе профункционира сепак сметам дека е добро што ќе имаме и ваков закон. Добро е од аспект што ние како држава имавме таков закон и тој закон не профункционира, Законот за слободни економски зони, исто така беше најавуван во 1999 година како економски бум во Република Македонија, но од бумот ништо, овој закон не е во истата фаза како што беше во 1999 година, не се најавува како економски бум, но сметам дека ќе придонесе за развој на економијата во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам,

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за економија,

Би сакал и јас да се вклучам во расправата по овој закон и да дадам некое свое видување околу целите и ефектите кои се очекуваат со донесувањето на овој закон.

Прво би сакал да кажам дека за мене овој закон претставува заокружување на мерките кои Владата во изминатиот период, посебно за првите 100 дена ги промовираше како завршени проекти или суштински за реализација на нивната програма "Преродба во 100 чекори" и Владата со предлагањето на овој закон и почнувањето на кампањата "Македонија рај за инвестирање" всушност кажува во која насока очекува во иднина да се очекуваат тие економски резултати, во која насока да се привлекуваат странските инвеститори и целата економска политика сака да ја операционализира со донесувањето на овој закон.

Се надевам дека Владата е свесна за одговорноста, се надевам дека ќе има доблест доколку времето покаже дека можеби погрешила во процентите да признае, а не повторно да бара оправдување на некоја друга страна.

Исто така мислам дека Владата греши што овој закон не го предложи на една јавна расправа во Република Македонија, не слушнав од експозето на министерката дали е отворена таква јавна расправа, дали се консултирани претставници од стопанството или производството и кои се нивните мислења по однос на овој закон, бидејќи во најголем дел се однесува на нив и во голем дел ќе ги детерминира или ќе ги определи нивните економски активности и развојни планови во иднина.

Мислам дека, доколку се направела една таква расправа или дебата по однос на овој закон, Министерството или Владата ќе добиела одредени сознанија и во одреден дел можеби ќе размислела дали баш на ваков начин да го предложи овој закон да биде донесен од страна на Парламентот.

Меѓутоа, како што кажав, тоа е одлука на Владата и одговорноста е исто така на Владата и на владеачкото мнозинство.

Би сакал сега да се осврнам околу некои членови од Законот, пред се би започнал од начелата врз кои се заснова донесувањето на законот, а тоа е начелото како што е напишано во самиот Предлог слобода на пазарот и претприемништвото и сега кога на почетокот од законот го читате ова начело, а понатаму ќе почнете да ги анализите чллновите кои што се предложени, може да се заклучи дека во голем дел всушност се работи за победување на повластени услови на пазарот за одредени фирми и за ограничување на претприемништвото во Република Македонија.

Јасно е дека сите оние што ќе инвестираат во овие технолошко-индустриски развојни зони ќе добијат повластена позиција на пазарот во Република Македонија и во голем дел ќе биде ограничено предприемништвото на некој друг кој што сака да инвестира во Република Македонија, меѓутоа ќе нема среќа да добие локација во овие технолошко-индустриски развојни зони.

Да земеме еден едноставен пример. Пазарот ќе се ограничи така што ако дојде или пројави интерес некоја компанија да инвестира во слободната индустриска зона во производство или во дејност која што веќе постои во Република Македонија и која што ја обавува одреден субјект, сега иде некој инвеститор и ја започнува истата дејност под повластени услови во рамките на технолошко-индустриската развојна зона, како оној што веќе работи во Република Македонија,

кој што инвестирал, кој што работи успешно, извезува, ги исполнува условите предвидени со Законот ќе се заштити од нелојалната конкуренција. Значи, оној што ќе инвестира во технолошко-индустриската развојна зона ќе оствари екстра профит, нема да ја реинвестира добивката бидејќи остварува екстра профит и ќе си замине по одреден период, а домашното производство и она што веќе работи на нашиот пазар ќе го уништиме и ќе остане некој друг период и по двата основа ќе изгубиме. И домашното производство ќе се зголеми бројот на вработените и приходите во Буџетот. Мислам дека во голема мерка со овој Закон се ограничуваат слободата на пазарот и претприемаштвото и Владата во најала рака требало да размисли за оние дејности кои успешно работат и кои што ги остваруваат барем овие критериуми, 20% да продаваат во Република Македонија, 80% да извезуваат, да ги заштити од нелојалната конкуренција. Не можеме ние на една страна да првиме поволности, на друга страна да ги скратуваме условите за стопанисување на оне што веќе работат во Република Македонија и мислам дека Владата во брзо време ќе се соочи со овој проблем доколку се појави некој инвеститор заинтересиран да инвестира во дејност за која што веќе постои фирма која што успешно работи во Република Македонија.

Околу поволностите кои што се нудат за оние кои што ќе инвестираат во техолошко-индустриската развојна зона сметам дека тука Владата би требало да размисли да го воведе преку овие олеснувања и концептот на рамномерниот економски развој, бидејќи знаеме дека во Република Македонија постои голема разлика во развиеноста на одредени подрачја и да предвиди дополнителни олеснувања доколку се основа технолошко-индустриска развојна зона и некој сака да инвестира во подрачје кое што заостанува во економскиот развој во Република Македонија, кое што е пасивно се со цел да го спречиме движењето на населението од тие подрачја кон Скопје или можеби од некои села кон градот. Мислам дека Владата и тука пропушта една шанса да направи нешто позитивно во тој поглед и да се обидеме и другите делови во Република Македонија да бидат развиени.

Исто така можеби треба да размисли и околу поволностите што ви ги дава доколку некој инвестира во производсто на алтернативна енергија во Република Македонија со оглед на тоа што постојат најави за економска криза и за недостиг на енергија во Република Македонија.

Исто така сметам дека Владата греши во концептот наеднаш да ја промени структурата на дејностите во Република Македонија преку давање посебни поволности за инвестирање во висока технологија, или во технологија како што е информатичката и која исполнува високи еколошки стандарди.

Во делот на еколошките стандарди се согласувам, меѓутоа во Република Македонија нема традиција за такво производство, а исто така се плашам дека можеби и немаме доволно стручен кадар кој што може да одговори на барањето на евентуалните инвеститори да инвестираат во Република Македонија токму во овие денови. Знаеме дека во најголем дел во претходниот период во Република Македонија се вршело понизок степен на преработка на производите и дека традицијата или работната сила е научена успешна да работи во овие дејности, сега Владата наеднаш предлага да се фаворизира одредена индустрија, веројатно мислеејќи дека таа е дел од современите текови, но немаме анализа дали може да одговориме на барањата на инвеститорите токму овие дејности да може да се развиваат, а и во Република Македонија мислам дека постојат успешни компании кои работат во овој дел и повторно сега ќе им создадеме нелојална конкуренција со давање погодности за инвестирање во технолошко-индустриските развојни зони.

Околу поволностите прво мислам дека Владата си презема многу дискрециони права за таа да определи кои поволности кој инвеститор ќе ги користи. Така на пример во членот 8 во ставот 4 стои дека периодот на закуп на земјиштето и висина на закупнината на земјиштето во зоната ќе ја определува Владата на Република Македонија за секој поединечен случај. Што конкретно ова значи? Дали ќе сака министерката да ни објасни односно дали Владата ќе си земе дискреционо прово одредени зони да фаворизира или одредени инвеститори да фаворизира, други да ги ограничува во намерата да инвестираат во технолошко-индустриското развони зони.

Мислам дека како прво овој член не треба да постои, а доколку постои тоа треба да го врши управниот одбор на Дирекцијата која што ќе биде задолжена за работата на овие технолошко-индустриски развојни зони.

Исто така, во просторните услови за основање на технолошко-индустриски развојни зони во членот 11 стои дека овие зони ќе се основаат таму каде што со просторен план или со урбанистички план се земјиште во сопственост на Република Македонија можат истите да бидат основани. Дали во постојниот просторен план на Република Македонија има такви локации, колку се и каде се би ја запрашал министерката, или Владата дополнително ќе утврдува каде и кои технолошко-индустриско развојни зони ќе постојат во Република Македонија и зошто само на земјиште во сопственост на Република Македонија. Дали Владата не треба да размисли онаму каде што веќе постои изградена инфраструктура, некои огромни капацитети што претходно работеле успешно, а сега се пропаднати истите да ги прогласи за технолошко-индустриски развојни зони и внатре да привлече инвеститори да ја искористат постојната структура. Само во Велес постојат неколку такви капацитети во кои што може да се изврши користење на објектите со привлекување на инвеститори на веќе изградена

инфраструктура без дополнително да се трошат финансиски средства околу комуналии, уредување на градежно земјиште, обезбедување на поволна енергија итн.

Околу управните одбори кои ќе работат околу технолошко-индустриските развојни зони имам забелешки пред се во составот на управниот одбор на овие зони. Значи, во членот 19 е предвидено дека управниот одбор се состои од 7 члена и сите се предложени од страна на одрдени министри, како што се министерот за економија, министерот за финансии, министерот за труд и социјална политика, министерот за транспорт и врски, министерот за животна средина и просторно планирање, министерот за надворешни работи и директорот на Агенцијата за странски инвестиции во Република Македонија. Нема ниту еден претставник од стопанството. Нема ниту едне претставник од одредени здруженија, клостери, комори, кои што веќе сервисираат во Република Македонија. Нема простор во тој управен одбор да се развие дискусија за проблеми кои што реално ги мачат корисниците, евентуалните корисници на таа технолошко-индустриска развојна зона.

Мислам дека Владата тука сериозно треба да размисли, да го прошири управниот одбор и да воведе претставници од стопанството, од стопанските комори, од евентуалните корисници на технолошко-индустриската развојна зона како би можело проблемите кои што евентуално ќе се јават во нивното функционирање да можат постручно да се решаваат и директно од оние кои што се засегнати.

Околу средствата кои што треба да бидат обезбедени за основање на ваква зона Владата треба да излезе со јасен став колкави се тие средства, врз основа на кои критериуми се утврдени, дали според големината на технолошко-индустриско развојата зона, дали според степенот на изграденоста на инфраструктурата, дали според евентуалните вработувања што ќе ги остварат итн. да каже јасно пред да почне да функционира колкави средства се потребни да се основа оваа зона, а не дополнително да ги утврдува без да биде тоа транспарентно објавено и да се знае пред отпочнувањето со работата на зоната.

Исто така, во делот на определување, уредување на просторот на технолошко-индустрисктата развоја зона во членот 28, став 5 е предвидено дека поблиските критериуми и начинот на уредување на зоната од овој член ги пропишива министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за работите од обласат на финансиите, а се однесуваат на обезбедувањето на услови за транспорт, за работа на дирекцијата и за влезот и излезот на стоките кои се произведуваат во зоната. Значи, не ми е јасна потребата министерот за финансии да ги одредува тие услови. Треба управниот одбор на дирекцијата и да си биде јасно дека таа треба да ги определува овие услови.

На крајот сметам дека исто така Владата треба да размисли за зоните доколку се предвидува да се намали вработувањето во Република Македонија, да внесе делови за трудоинтезивни дејности кои се вршат. Ако сакаме да го намалиме дефицитот или ако сакаме да оствариме повисок економски раст треба да видиме во кои дејности ние можеме да оствариме и суфицит, а сега оствaруваме дефицит во тој дел. Мислам дека во делот на земјоделието во голем дел стојат неискористени можности и дека треба подобри услови, подоби стимулации да се обезбедат за овој сегмент и на тој начин да се обезбеди и вработување и да се намали суфицитот кој Република Македонија го остварува во трговската размена со земјите во странство. Мислам дека Владата можеби требаше да размисли пред да го предложи овој закон, да не оди со ваков начин на решавање, промовирање на својата економска политика, пред се преку технолошко-индустиските развојни зони, туку да отвореше простор секој што сака да инвестира во Република Македонија да нема технолошко-индустриско развојни зони, туку цела Република Македонија да биде подрачје каде што може да инвестираат, а економскиот развој или овој концепт да го препушти за почеток на локалнат самоуправа, кое што согласно законот треба да се движи за тој локален економски развој и да покаже дека овој концепт доколку функцинира, па да се размисли тоа да биде и државна политика или дел од политиката на владеачкото монозинство. Меѓутоа као што кажав одговорноста ќе си ја носи Владата и владеачкото мнозинство, а исто така се надевам дека со функционирањето на овој Закон ќе се демантира досегашната пракса дека слободните економски зони, како што се викаат досега, не ги дадоа очекуваните резултати односно не потребно повторно се влева во авантура која што не се знае како ќе заврши.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави господинот Миле Пачемски. Три минути повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам претседателе.

Би сакал да реплицирам на колегата Марјанчо Николов кој се задржа на неколку сегменти во неговата дискусија по оваа точка.

Најпрво, би кажал за поимот “Слободни економски зони” или сега како што велиме “Технолошко-индустриски зони” е поим кој што не е нов, поим кој е излезен од нас, од Владата на Република Македонија односно од нашата држава. Тоа се термини, тоа се категории кои што ги имаме и сите сме ги имале. И во други земји, пред се земјите од нашето опкружување, земјите кои што поминале во процесот на транзиција и таквите економски зони покажале извесен добар резултат во напредокот на тие земји и станале членки на Европската унија.

Постојат неколку моменти кои што мораме да ги потенцираме во интерес на вистината, а тоа е дека Законот кој што беше донесен 1999 година за слободни трговски зони беше во период кога земјите се соочуваше со неколку кризи. Тоа беше

бегалската криза, тоа беше воениот конфликт во државата, а имаше период 2002 до 2006 година кога имавме еден конкретен придонес во Република Македонија, тоа беше период во кој корупцијата беше на доста високо ниво, 105 место според листата, така да тоа не беа услови кои што ќе дадеа можност за да се инвестира во слободните економски зони. Сега условите се изменете.

Значи, со овие технолошки-индустриски зони имаме за цел да се намали трговскиот дефиците во Република Македонија кој што изнесува околу 1,2 до 3 милијарди евра.

Понатаму, постојат услови овие зони да заживеат на тој начин што се намалени сега персоналниот данок и данокот на добивка, а исто така Македонија е земја членка кандидат.

Она што сакам да го потенцирам како пратеник Николов  е тоа дека непостои проблем за пасивност односно за миграцијата на населението односно некои географски подрачја во Република Македонија се запоставени, бидејќи Владата на Република Македонија мислела на таа тема и имаме неколку зони како што е Бунарџик, Штип и Битола, кои што не биле во функција.

Втора работа е тоа што не треба да се плашиме од нелојална конкуренција во овие индустриски зони затоа што во овие зони инвестира светски познати брендови. Значи, лица односно фирми кои не се грижат за својот извос во светот. 80% од извозот ќе биде сигурно загарантиран на тие познати светски бендови.

И на крајот, според господинот Николов, не е добро тие зони да бидат лоцирани само на едно подрачје, туку според него, во цела Македонија. И тоа мислам дека не држи.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контрареплика за господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:**  Мислам дека е добро што господинот Миле Пачемски прво призна дека од 2002 година до 2006 година, поради пост-конфликтнит период не постоела можност да се посвети поголемо внимание на економијата. Ние истото го зборувавме цело време, во предизборната кампања дека прво е потребна политичка стабилност, функционирање на правото, почнавме реформи во правосудниот систем и велевме дека сега на ред ќе дојде економијата. Сега кога на ред дојде економијата, повторно се враќаме назад повторно со проблематизирање на политички проблеми и мислам дека тешко Владата, тоа што го концепирала како изборна програма - Преродба во 100 чекори, доколку продолжи вака дека ќе го оствари.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Ќе се обидам во катки црти да го дадам своето мислење по однос на предлогот за донесување закон за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог на закон.

Ќе се обидам да бидам што пократок, без некоја амбиција да се повторувам со претходните дискутанти, а ќе се обидам да извлечам некои поенти, некои црти кои навистина за мене лично не се докрај објаснети, ниту е дефинирана целта на тие членови во Предлог на законот.

Ќе почнам од самите причини поради кои предлагачот предлага да се донесе овој закон. Значи покрај другите причини, во претпоследниот пасус е дефинирано односно кажано е дека едновремено со овој закон се разрешуваат практичните проблеми при спроведување на постојниот закон за слободни економски зони.

Значи, моето прво прашање е дали Министерството за економија направило анализа, воочило кои се недостатоците, кои се проблематичните точки на законот за слободни економски зони за кои колегата Никола Поповски ја изрази својата скепса заради воопшто потребата од воспоставување на ваков закон од 1999 година. Но, еве, се донел и започнала неговата практична реализација.

Логично, при вакво образложение се наметнува прашањето зошто Владата односно министерството за економија не поработува на практична реализација на одредбите од Законот за слободни економски зони односно одстранување на причината и слбите точки кои биле воочени при реализација на одредени одбредби за реализирање на основната цел, основна развојна дејност во Република Македонија и зголемување на домашните и странските инвестиции. Но, како и да е, ако внимателно се споредат овие два закони, ќе видите дека предлагачот на големо се расфрла со терминот на учноистражувачка дејност, научноистражувачка работа и предвидува низа даночни и други олеснувања и погодности за во тие слободни технолошки развојни зони да биде спроведена оваа дејност.

Пред да отворам еден сет на прашања што предлагачот подразбира под тоа и кои се проблематичните одредби од овој начин на интерпретирање на ваква исклучителна дејност, и други погодности. Значи, се предвидува корисниците да добијат одредени погодности за отворање на овие зони, меѓу другото добивање на градежно земјиште на кое ќе се гради инфраструктурата односно при учество во изградба на инфрасструктурата да бидат даночно ослободени од стапките кои се предвидени и во позитивните законски прописи во Република Македонија но и во плановите и програмите на локалните самоуправи.

Едно од прашањата што се надевам министерката ќе го образложи во некои од своите идни образложенија, доколку ги има, е дали имаат сознанија како локалната самоуправа односно општините реагираат на вакви предлози и

иницијативи. Знам дека декларативно сите се залагаат дека ќе има одреден развој, одредени бенифиции, намалување на стапката на невработеност во тие општини, но да бидеме практични и прагматични, колку општините се подготвени во овој момент и колкав број на општини во овој момент се подготвени да влезат во реализација на ваков амбициозен проект на Владата, колку во нивните генерални урбанистички планови имаат предвидено такви градежни земјишта со одредена минимална инфрструктура, патна, енергетска, и друг вид на инфраструктура, со која ќе можат да се понудат пред потенцијалните странски или домашни инвеститори. Значи, како ќе профункционира тоа, имајќи го предвид сегашното искуство на такви постоечки стопански субјекти кои навистина не се во слободни економски зони. Но тоа биле одредени бенифиции, според законот кој претходно беше цитиран и не се покажало како добро да се направеле. Од позитивни исчекори во намалување на стапката на навработеност, во случајот со ФЕНИ, СИЛМАК, итн, но со одредени бенифиции во енергетскиот сектор, кои се проблематични, односно постојано се потенцираат како нешто негативно во јавноста и колку локалната самоуправа, бидејќи тука имате член 9 - услови и постапка за остварување на даночни ослободувања и олеснувања, во кој пишува дека корисникот на зоната остварува даночни ослободувања и олеснувања ако најмалку 80% од продажбата на годишно ниво е остварена во извоз надвор од Република Македонија, врши нова дејност, а не ја пренесува дејноста на друго подрачје на Република Македонија во зоната итн. Значи, евидентно е дека потенцијалните инвеститори ќе имаат вакви цели да произведуваат стока и добра кои ќе ги извезуваат најмалку 80% надвор на странските пазари. Значи, поголемиот дел од нив, еве оптимиста сум, дека ќе бидат даночно ослободени. Но, што е со општините, дали тие се подготвени да се откажат од профитот кој го очекуваат, прилив од даноците на стопанските субјекти кои работат на територијата на таа општина, имајќи ги предвид проектираните буџети на тие општини во кои значителен дел прилив на средства очекуваат од овие извори, од оваа намена. Значи, дали се вкалкулирало такво нешто и која е финансиската компензацијата на општините, за реализација на вакви проекти. Еве, да претпоставиме дека ќе се намали едно кратко или повеќе кратко, можеби, во континуитет, невработеноста и тоа ќе биде одредено добро за општината. Но што друго ќе добие општината? Можам да посочам неколку примери во кои не само во Законот за слободни економски зони или некои други видови на закони добиле одредени бенифиции при промена на сопственоста на одредени стопански субјекти во кои населението на општините останало длабоко разочарано, бидејќи директно па и индиректно општината не видела некоја корист. Да резимирам во овој дел. За мене недостига еден дел во законот во кој ќе бидат подобро третирани општините односно каков директен бенефит од финансиски аспект ќе добиваат како компензација од постоење на ваква зона во која даночните олеснувања ќе ги лишат од дополнителни приливи.

Да се вратам на главно прашање кое кај мене предизвикува главна дилема, значи она со што сум се занимавал во животот, тоа е научноистражувачката дејност.

Значи, за пошироката јавност да посочам дека со научноистражувачка работа, барем официјално, според Законот за научноистражувачка работа се занимаваат јанвите научни институции во Република Македонија кои се основани од Владата на Република Македонија, високообразовни институции кои се во склоп на универзитетите во Република Македонија и некои стопански субјекти кои имаат техничко-технолошки јадра или развојно-технолошки јадра, зависно како тој збор ќе го употребувате.

За жал, во минатото и пред осамостојувањето на Република Македонија, кога работевме и живееме во друг стопански амбиент, постоеше друг пазар, поширок пазар и проекциите на стопанските субјекти беа на поинаква основа, голем дел на оние сериозни стопански субјекти кои донесуваа значаен прилив за Република Македонија, имаа во својата структура развојни научно-истражувачки јадра кои од низа субјективни и објективни околности гро то од нив се замрени. Субјективни, бидејќи државата во континуитет и не правеше некои силни напори да им помогне во развивање на оваа дејност која е исклучително значајна, бидејќи ќе развиваат нови технологии, нови производи кои како домашни ќе бидат пласирани на странските пазари, а не Република Македонија да се претвори само во импортер на технологии и знаења.

Ние направивме неколку напори во минатиот период, баш кога се правеше Законот за научно истрачувачката дејност, да се обидеме да внесеме одредени одредби со кои ќе бидат стимулирани стопанските субјекти да организираат вакви јадра и постојат. За поздравување е дури што и некои високо образовни институции од техничките науки, организираа техничко-технолошки развојни јадра во своите средини и тие успешно работат, бидејќи имаат значаен прилив надвор од основната дејност, високообразовна дејност. Значи, ја ставиле втората важна дејност, научно истрачувачка работа, во функција на остварување на дополнителен прилив за факултетите односно Универзитетот.

Сега главното прашање. Ако постои ваква слика, тогаш зошто тие не се третирани во овој закон, зошто не им се дава еднаков третман како некој потенцијален инвеститор кој би инвестирал во научно-истражувачка работа, или како што овде сте дефинирале во членот 7, дејност од областа на информатичката технологија, изработка на софтвери, вклопување хардвери, дигитални

записи, компјутерски чипови, научно истражувачка дејност и производство засновано на нови технологии со високи еколошки стандарди. Ако беа еднакво третирани и домашни субјекти кои ќе бидат надвор од овие технолошки зони, тогаш немаше да дојде до нивно пропаѓање. Значи, прашањето е многу едноставно и не е толку едноставно. Како тие во новиот амбиент би се снашле во оваа нова законска регулатива кога ќе се донесе, дали ќе ги уживаат истите бенифиции и истите третмани. Само да појаснам.

Одредени факултети од техничките науки и во времето на бивша Југославија кога работеше еден југословенски завод за стандардизација каде се добиваа сертификати, сертификација за вршење на одредена дејност подведена под научно-истражувачка работа, но се однесувала на атестирање на одредени апарати за домаќинството, или изработка на одредени елаборати, студии, извештаи по однос на еколошките стандарди итн., вложиле во одредена опрема, лаборатории, купиле опрема под други услови, не биле ослободени од таа дејност, а сега треба да стопанисуваат под исти услови. Значи, со стопански субјекти, инвеститори кои ќе бидат во оваа технолошка зона, но немаат да инвестираат исти средства. Значи, во старт имаме огромна неправда која ќе ја почувствуваат на своја кожа. Јас сум уверен дека таа дејност многу брзо ќе замре.

Ако за домашни стопански субјкети кои вложиле во таква дејност, како што кажаа и претходните соговорници, може да направат дислокација на својата инфрастуктура и влезат во таа технолошко-равојна слободна зона, со оние бенифиции кои ги нуди Владата, тогаш што ќе биде со овие технолошки - развојни јадра во овие високообразовни институции кои тие, логично, не можат да ги пренесат во ваквите зони. Значи, тогаш нема да бидат конкурентни на пазарот. Научно истражувачката дјеност на факултетите ќе претрпи значително тежок удар. А бидејќи во последните неколку години во мода е инвестирање во високото образование, се основаат приватни универзитети, претпоставувам дека ќе се основаат и натаму приватни универзитети, но забележете приватните универзитети не основаат дејност, научно-истражувачка дејност, не се регистрираат за научно-истражувачка дејност. На нив им е значајно вложување на капитал за брз повраток, само во високо образовната дејност. Значи, главната предност, сеуште на домашните универзитети, посебно на високообразовните институции од техничките науки е во вршењето на научно истражувачката дејност на која можат сеуште некако да се одржат. Со овој закон се ставаат во нерамноправна положба и се предизвикува огромна опасност од замирање на оваа дејност, доколку, се разбира предлагачот не интервенира поинаку во одредени одредби во кои ќе бидат доведени во подеднакви услови со странските инвеститори.

Да ви оставиме сега за час универзитетите односно високообразовните институции да разговараме за странски инвеститори кои ќе се регистрираат во овие технолошки-развојни зони, кои ќе вршат научно-истражувачка дејност.

Јас ве уверувам, доколку не постојат одредби во законот со кои ќе ги контролирате ваквите процеси, лесно можеме да се доведеме во ситуација, можеби на некого тоа ќе му звучи смешно, но, да си навлечеме меѓународен мониторинг по овој дел. Која е гаранцијата дека нема да се развиваат одредени нуклеарни програми во овие делови, не од република Македонија, не од домашни субјекти, од странски субјекти кои ќе влезат во вакви зони. Значи, прашањето е каде е контролниот механизам на вршењето на дејностите во овие зони, каде е контролата на импутот и аутпутот во овие зони, специјално за научно истражувачката дејност во тој дел.

Понатаму, каде е контролата во делот на еколошките стандарди за кои што се заговара. Дали постои компатибилност на овој закон со другите законски прописи, бидејќи назад пишува во одредени делови. Значи, во член 34: Услови за користење на технолошката индустриска развојна зона. Правилата на основачот не смеат да бидат во спротивност со законите и другите прописи во Република Македонија, како и со меѓународните договори ратификувани од Република Македонија. Ова намерно го потенцирам, бидејќи има приговори од домашни фирми кои што страшно вложиле во својот техничко-технолошки развој меѓу кои се и оние кои што ги наведов во претходните искажувања на кои што само со една уредба на Владата им се укинува статусот, односно дејноста. На пример, можете да донесете уредба од страна на Владата дека оние кои што вршат, значи хомологизација на возила и вложиле во тој дел, со уредба на Владата дека треба да го дислоцираат својот погон надвор 10 километри од населено место. Ве молам, во околината на Скопје не постои таков локалитет, значи во пречник 10 километри од населено место да постои таков локалитет на кој што ќе може и теоретски да се дислоцира одредена институција. Значи, од една страна се прават одредени заложби во законот да се привлечат странски инвеститори, да се стимулираат и домашни инвеститори, а од друга страна оние кои што вложиле во техничко-технолошки развој од субјективни, или од објективни причини, да не навлегуваме сега, не е времето, ниту постојат можности за такви примери, да се замира нивната дејност.

И конечно,ако веќе се признава дека постојат одредени слабости, односно причини за подобрување на одредени непрактични одредби од Законот за слободни економски зони и заради тоа овој закон ќе предизвика одредени услови за подобрување, зошто се предлага законот да се донесе во една фаза, зошто не се овозможува дебатирање, дали е воопшто потребен, колку ќе

донесе подобрување во вооочените слабости на законот и зошто конечно не се работело на подобрување на постоечкиот закон и што со него, дали се компатибилни еден во однос на друг?

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Благодарам. Почитуван претседателе, на почетокот на мојата дискусија би сакала да се осврнам на стариот и новиот закон за технолошки индустриски развојни зони, односно во стариот закон се викаат слободни економски зони, а сега терминологијата е променета, технолошки индустриски развојни зони. Стариот закон кој беше донесен во не така далечната и сеуште во добро сеќавање кај сите нас 1999 година предвидуваше економски тигар, со денешната терминологија се служам за тогашна Македонија. Со тие слободни економски зони од кои како прва беше најавувана зоната Бунарџик, беше предвидено дека ќе се реализира изборната крилатица на тогашната коалиција ДА и ВМРО-ДПМНЕ од инвестирање на една милијарда долари во Република Македонија. Милијардата на Тупурковски толку успешно најавувана и толку бомбастично најавувана која требаше да влезе во Бунарџик од Тајван и од слични инвеститори, сите сме сведоци и добро памтиме дека испадна една голема, голема лага. Ништо од тоа не доби македонскиот народ, ништо од тоа не се слеа во Македонија освен ситни средства во приватни џебови.

Сега новата Влада на премиерот Никола Груевски повторно по сличен терк ги прави првите чекори на владеењето 2006 и ќе видиме која година ќе заврши. На почетокот на мојата дискусија би сакала согласно практиката од минатата седница да ги замолам камерите да покажат дека се празни клупите на ДУИ. Празни се и местата на ПДП, празно е и местото на Владимир Ѓорчев.

**Љубиша Георгиевски:** Владимир Ѓорчев е службено отсутен. Тој е во Вашингтон, на појадок во Белата куќа.

**Верица Филипова:** Сличните чекори како периодот 1998/2002 година се прават и 2006 година. Не сакам да размислувам во лоша насока. Меѓутоа, сличниот почеток да не не одведе повторно во сличен конфликт. Реков слободните економски зони и Законот за технолошки индустриски развојни зони се третиот, или четвртиот ист чекор на оваа Влада. Отсуството на еден голем претставник, односно најголемиот претставник на албанскиот народ сугерира нешто друго, или нешто слично. Ве замолувам претставниците на власта да бидете многу одговорни кон судбината на македонскиот народ, кон судбината на народот кој ви го даде овој мандат за доброто на нашите деца, за доброто на вашите деца. Бугаризацијата на Македонија е многу, многу лош чекор. Технолошки индустриските развојни зони во овој закон се вели дека ќе донесеме некој голем инвеститор од светските брендови во Македонија. Не сум сигурна дека такво нешто би можело да се случи. Впрочем и на семинарот организиран пред два месеци од страна на германската амбасада во Скопје на кој предавач беше претседателот на Германската стопанска комора Кобленц беше децидно кажано дека Македонија греши што очекува во изминатите 16 години голем странски инвеститор кој ќе дојде и со волшебно стапче ќе ја подобри економијата на Република Македонија. Иднината на Република Македонија беше децидно кажано, цитирам, од претставникот на Германската стопанска комора Кобленц, иднината на Република Македонија е во малите и средни претпријатија кои треба да ги негуваме, кои треба да ги развиваме. Всушност 69% во бруто домашниот производ на Македонија учествуваат токму малите и средни претпријатија. 76% во вработеноста учествуваат малите и средни претпријатија. И на крајот 63% во извозот на Република Македонија повторно учествуваат малите и средни претпријатија. Мислам дека иднината и убедена сум дека иднината на економскиот развој во Република Македонија треба да се гледа во овој правец. Овој закон за технолошки индустриски развојни зони фрла магла во очите на граѓаните на Македонија, фрла магла кај македонската јавност. Зошто? Ние го имаме Бунарџик веќе 8 години присутен на македонската сцена кој служи на секоја влада за лопати со панделки, како што кажав претходно и сликање пред камерите. Се сеќаваме една вечер господинот Груевски враќајќи се од некаде, веќе премиер на Република Македонија, враќајќи се од некој службен пат отиде да го посети Бунарџик и активностите на градежната оператива на Џонсон Контрол. Доцна во ноќта камерите под рефлектори снимаа како задоволните лица на премиерот и неговите придружници кажуваат дека Бунарџик интензивно се гради и ќе се гради 24 часа, дека градежната оператива ќе работи деноноќно и под рефлектори, како во многу краток рок да се заврши таа градба и како би можело да отпочне со работа Џонсон Контрол. Кога го добивме Законот за технолошки индустриски развојни зони, намерно отидов да го посетам Бунарџик и да видам до каде и како одат работите. Не знам дали некој друг од вас има скоро отидено таму. Нема ни трага од градежна оператива. Таму ништо не се случува, освен широк ископ направен. Впрочем и пред два-три дена на вестите во македонските електронски медиуми можевме да чуеме дека се премислува инвеститорот дека Маврово нема да биде изведувач на градежните работи на Бунарџик, дека овие 4 месеци наместо да се работи 24 часа дење ноќе и под рефлектори, како што знаат да работат нашите градежни оперативи на други објекти, туку ќе се бира на нов тендер нов изведувач. Значи сето тоа беше дел од рекламите, дел од ЕПП-то на госпдинот Груевски веше толку често навикнати да го гледаме.

Со споредувањето на стариот и новиот закон можеме да видиме дека бенефитите се слични , односно дека повторно ќе бидат инвеститорите во слободната економска зона ослободени од многу

давачки, ослободени од данок на добивка, од данок на додадена вредност, од персонален данок, царинско олеснување, слично како во претходниот закон кој во уводот на новиот Предлог-закон се вика дека постоечкиот закон бил лош и неприменлив во пракса. Овие даночни олеснувања ќе му бидат дадени на идниот инвеститор во новите технолошко индустриски развојни зони.

Една од поголемите разлики е разликата во членот 29 на стариот закон со слободни економски зони во кои се цитирани дејностите што се вршат во слободната зона. Тогаш се велеше, цитирам, во слободната зона се произведуваат стоки и се вршат услуги за извоз, надворешно трговски промет, банкарски и други финансиски работи, работи на осигурување и реосигурување на имоти и лица и други стопански дејности, освен дејности од текстилната индустрија. Значи, согласно стариот закон дејностите од текстилната индустрија беа изземени за вршење во слободните економски зони. После повеќе интервенции од страна на класерот за текстил и од страна на Стопанската комора на Македонија за дел од текстилната индустрија да биде опфатен во Законот за слободни економски зони. Во новиот закон е потполно избришан овој дел, односно можат да бидат опфатени и дејности од целата текстилна индустрија. Напоменувам, ние имавме слична дискусија и на Комисијата за енергетика, дека овде не станува збор за заштитни работилници, не станува збор за нелојална конкуренција, на пример, на печатарски дејности кои работат како заштитни работилници, или на текстилни погони за конфекција кои работат како заштитни работилници, туку станува збор за нелојална конкуренција на евентуално идните конфекции во технолошките индустриски развојни зони кон сегашните конфекции во Република Македонија. Во понатамошното мое излагање, јас ќе бидам подолга претседателе, меѓутоа, го задржувам правото да продолжам, ако не ми дозволите сега да завршам и после паузата. Во понатамошното мое излагање би се задржала токму на овој дел од Законот за технолошки индустриски развојни зони на импликацијата на новиот закон врз текстилната гранка во Република Македонија. Од многуте научни трудови и од економската реалност во Република Македонија познато е дека цела Источна Македонија, цели градови, села живеат благодарение на текстилот, живеат благодарение на конфекциите каде се вработени најголем дел од работоспособното население и кои со каква, таква, колку и да е мала платата, преживуваат со нивните семејства. За разлика од Западна Македонија која егзистира во овие услови, во овие тешки економски услови за Македонија претежно од трговијата. Источна Македонија егзистира на гранката текстил, на гранката шиење на облека, односно конфекционерство. Шиењето на облека конфекциите работат скоро сите по лон-систем на работа, најпримитивниот и најниско акумулативен систем на работа во текстилната гранка, односно за познат партнер во странство шијат облека со целиот репроматеријал добавен од нарачателот на пратката, како и сето понатамошно продавање и други активности ги обавува нарачателот на пратката во најголем дел субјект од западно-европскиот или американскиот пазар.Овде би бил запазен условот 80% од производството да биде наменето за извоз, односно конфекциите за кои зборувам најмалку 95% од нивното производство е за извоз, не 80%, значи 95%.

Би сакала да кажам за текстилната гранка во Република Македонија за шиењето на облека, односно конфекционерството. Во Македонија постојат вкупно 1200 конфекции кои вработуваат преку 36 илјади работници, односно 30% од индустриската работна сила во Македонија работи во текстилната индустрија, а девизите кои се слеваат во државната каса, односно кои се слеваат во касата на Република Македонија од текстилната гранка, колку и да е ниско профитабилна и ниско буџетна изнесуваат цели 34%. Долги години на ред конфекциите се основниот прилив на девизи во Република Македонија, со исклучок на минатата година каде веќе примат зема металската индустрија. Меѓутоа, ако работат во текстилната индустрија 36 000 вработени, во металската работат само 9 000 вработени. Зошто го кажувам ова? Со новиот Предлог-закон за технолошки индустриски развојни зони токму оваа гранка ќе наиде на нелојална конкуренција, токму шиењето на облека, дејност во која работат 36.000 работници ќе биде на мета на нелојалната конкуренција на нови домашни, или странски субјекти и правни субјекти, ќе биде на работ на преживување и убедена сум дел од тие конфекции ќе бидат уништени. Мислам дека со овој нов Предлог-закон во новата слободна економска зона Штип и убедена сум, нема да дојдат фирми кои ќе произведуваат компјутери. Јас ова го дискутирав и на првата седница на македонскиот Парламент кога се бираше Владата на Република Македонија, дека и покрај нашата голема желба да дојде информатичка индустрија во Република Македонија. Тоа многу тешко ќе се случи и покрај нашата голема желба да дојде автомобилска индустрија во Република Македонија и тоа тешко ќе се случи. Сигурно би дошле партнери како странски, или домашни правни лица кои би работеле во конфекциската дејност, односно во текстилната струка во делот шиење на облека. Со таа нелојална конкуренција би дошле малите конфекции од тие 1.200 во Република Македонија би требало да работат за многу пониска договорна цена со странските партнери, цената по парче од сегашните две, три евра за парче би паднала за сите оние даноци од кои ќе биде ослободена нелојалната конкуренција, би паднала за процентот на данокот на добивка, за процентот на персоналниот данок, за процентот на царинските олеснувања, за процентот на данок на додадена вредност. Значи, дел од овие 36.000

работници во текстилната струка не би работеле за сегашната и сеуште мала плата, туку би требало да работат за уште 30% помали плати. На тој начин не би можеле да опстојат ниту работниците, ниту работодавците. На тој начин би пропаднале голем дел од овие 1.200 сегашни македонски конфекции за сметка на идните конфекции кои би се основале во слободните економски зони. Реков дека Стопанската комора на Македонија и дека класерот за текстил на Македонија интервенираше и бараше во Законот за слободни економски зони да биде уврстен еден дел од текстилното производство.

**Љубиша Георгиевски:** Пауза за ручек до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,08 часот).

**Љубиша Ѓеорѓиевски:** Ги молам пратениците да си ги заземат своите места затоа што наскоро продолжуваме со седницата.

Повелете госпоѓо Филипова, имате збор.

**Вера Филипова:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги.

Јас би сакала да бидам кратка со вториот дел на моето излагање во попладневната сесија на Парламентот и да ги кажам главните поенти на мојата денешна дискусија.

Прво, сакам јасно да нагласам дека сум за отворање на слободна економска зона во Штип односно го поддржувам отворањето на технолошката индустриска развојна зона во Штип.

Второ, она со што не се согласувам е можноста шиењето на текстил односно конфекциите да бидат застапени во слободните економски зони во технолошките индустриски развојни зони. Убедена сум дека со дозволување на застапеноста на конфециските погони за производство, шиење на облека во слободните економски зони ќе направиме гробница од досегашните конфекции. Значи, гробница од досегашните погони за шиење облека во Македонија.

Трето, на македонската текстилна индустрија е е потребно базно производство. Потребни се предилници за предење на текстилни платна, потребни се ткајачници за ткаење и понатамошните фази на обработка на платното, фарбање и тн. Сите досегашни македонски текстилни погони за базно производство на текстил како “Македонка” Штип, “Свилара” во Велес, предилницата во Струмица, “Готекс” Гостивар, Берово и тн. се затворени освен Волнарскиот комбинат “Тетекс” целото друго базно производство на текстил во Македонија не функционира. Тоа е тоа што е потребно во денешниот момент на текстилната индустрија на Македонија, тоа е производството потребно за во слободните економски зони. Благодарам.

**Љубиша Ѓеорѓиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за технолошки индустриски развојни зони.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места за да можеме да гласаме.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Уште еднаш ги молам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи нема многу од пратениците, зафатени со состанок со европарламентарци давам пауза од 15 минути.

Значи за сега тука да прекинеме.

(Пауза од 15,14 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,31 часот).

**Љубиша Ѓеорѓиевски:** Ги молам службите да доставаат тоен број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во салата има 62 пратеника.

Според тоа, ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 49, воздржано 10 и против 1.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 49, воздржани 11, против 2.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комсија поднесе амандмани на член 15 алинеја 4; член 14 за додавање нов став 2 по ставот 1; член 19 став 1 и член 23 став 7 во воведната реченица, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандмани на член 9 став 1 точка 1 и на член 9 став 1 за менување на точка 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Верица Филипова поднесе амандмани на член 7 за додавање нова точка 4 по точката 3; член 11 став 1 и на член 35 став 3 за додавање нова точка 2-а по точката 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за додавање нова точка 4 по точката 3, поднесен од пратеникот Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија, претставник на Владата.

**Вера Рафајловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Ѓеорѓиевски:** Владата не го прифаЌа амандманот.

Има збор госпоѓа Верица Филипова. Повелете.

**Верица Филипова:** Бидејќи не добивме список на амандмани, ќе ве молам повторете кој амандман прво ќе оди.

**Љубиша Ѓеорѓиевски:** Амандманот на член 7 по точката 3 да се додаде нова точка 3-а.

**Верица Филипова:** Овој амандман се однесува на услуги кои се поврзани со складирање, логистика и транспорт на добра кои се извезуваат. Поврзаноста меѓу домашните производители и странските деловни партнери е една од најслабите точки на македонското стопанство, а со цел да се придонесе за зајакнување на оваа соработка се цени дека на предложенот начин ќе се подобри пласманот на македонските производи на странските пазари. Благодарам.

**Љубиша Ѓеорѓиевски:** Благодарам.

Господинот Никола Поповски се јави за збор. Повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Еве го претседателе првиот пример за кој разговарав во утринската дискусија и за кој со колешката Лиле Поповска имавме некоја дебата во врска со корупцијата.

Членот 7 е опасно дискреционо право на Владата и примерот го добивме во моментот. Владата предвидува под 1,2 и 3 што може да се работи во зоната, госпоѓата Филипова легитимно предлага уште една дејност да може да се извршува во зоната под услови кои се позитивна дискриминација во однос на другите во Република Македонија и Владата вели тоа не може. Сега каде е таа брана. Зошто Владата определила дека може производи, информатики технологии и услуги кои се тесно поврзани со увоз на добра кои не се крајна потрошувачка, зошто не може четвртото, зошто не може петто, зошто не може шесто, Кој тоа го определил, врз основа на кои критериуми, како ќе процени. Дискреционо до дискреционо право кое ќе ја направи нашата економија како швајцарско сирење. Благодарам.

**Љубиша Ѓеорѓиевски:** Бидеји нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници, гласале 60 од кои за гласале 16, воздржани 1 и против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 точка 1, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Збор има министерот Рафајловска. Повелете.

**Вера Рафајловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Ѓеорѓиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господин Слободан Најдовски. Повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Во текот на својата дискусија реков дека пвата фаза од донесувњето на законот ќе ја поддржам, а за самиот закон во зависност од амандманите кои што ги имам предложено како ќе се произнесе Владата.

Од неприфаќањето на амандманот, сега искажувам дека нема да ја поддржам втората фаза на законот од следниве причини.

Прво, сметам дека со овој неприфатен амандман кој што е поднесен од моја страна, Владата ги става во нерамноправна положба производители од ист вид на произовд или претпријатија од иста дејност, во зависност од тоа дали се домашни или странски. Сметам дека тоа не е добро од неколку причини.

Прво, оние кои што ќе инвестираат во слободните досегашни зони, сега индустриско технолошки зони, за појаснување имаат не така мали повластици. Според Законот за данокот на добивка според член 32-а, обврзникот кој е корисник на слободна зона односно технолошко индустриска развојна зона се ослободува од плаќање на данокот на добивка за период од 10 години од започнување на вршење на дејноста во зоната под услови и постапки утврдени со Законот за слободни економски зони, односно сега за индустриско технолошки зони. Според Законот за персоналниот данок на доход, член 6 точка 25 исто така платите на вработените лица кај обврзникот кој е корисник на слободна економска зона односно технолошко индустриско развојна зона во висина од 50% за период од пет години од почнување на вршење на дејност во зоната под услови и постапка утврдени со закон. Значи, и за тоа е ослободен.

Исто така, корисникот на зоната е ослободен од плаќање на надомест за уредување на градежното земјиште.

И уште неколку помали ослободувања, како и дел од ослободувањата што се поврзани со данокот на додадена вредност.

Сите овие показатели покажуваат дека при производство на ист производ, односно обавување на иста дејност оној кој што инвестира во зоната е привелегиран. Привелегиран е за оние 20% на производи кои што ќе ги пласира во Република Македонија. Затоа мојот амандман е за да може да ја користи зоната, да ги користи овие даночни ослободувања целокупното производство треба на му е на годишно ниво остварено со извоз надвор од Република Македонија. Во спротивно сите оние други давачки кои што ги имаат домашните

претпријатија ја зголемуваат цената на чинење на производот или на услугата што ја има домашниот производител. Во една ваква ситуација каде што не е утврдено колку тоа ќе изнесува, јас и во општата расправа по законот реков дека за одредени производи, за одредени услуги тоа 20% може да биде, хипотетички зборувам, колку целокупното производство на еден домашен производител од одредена дејност.

Госпоѓа Филиповска кога дискутираше по општата расправа тоа многу пластично го кажа со текстилната индустрија во Република Македонија. Јас сметам дека ваквиот пристап ќе придонесе до еден удар и на текстилната индустрија во Република Македонија, можеби да се одрази во институциите односно во дејноста на осигурителните компании и посебно би можело да се одрази на тутунската индустрија во Република Македонија.

Еве еден пример. Во една таква зона ако се овозможи складирање на нафтени деривати, со сите овие повластици што ќе ги има тој корисник на зоната, цената на чинење ќе му биде знатно намалена. Тогаш каде е таа рамноправност. Се плашам дека, сакајќи да направиме едно добро, ќе направиме повеќе зла.

Моите два амандмани се поврзани еден со друг. Така што, кога веќе Владата не го усвои овој амандман, барем да го усвои вториот амандман во кој повикувам односно барам, ако се во нерамноправна положба домашните и странските претпријатија, тогаш во зоните да се врши исклучиво дејност која до тогаш не се обавува во Република Македонија и тогаш да може и 20 и 30 и 40% од своето производство да го пласира во Република Македонија, па нека ги користи овие погодности, со тоа да се овозможат нови вработувања во Република Македонија. Во ваков случај, сметам, повторно ќе речам, хипотетички, но иако овде постои една одредба дека не може да се префрлуваат дејности кои се обавуваат моментално на територијата на Република Македонија затоа што сум убеден дека тие ќе се обавуваат и префрлуваат на еден поинаков начин, со регистрација на претпријатија во странство кои истовремено таму ќе ги отворат тие погони и после една година ќе ги затворат погоните кои се на другото подрачје на територијата на Република Македонија. Од тие причини мислење е и на еден дел на стопанственици со кои сум разговарал дека апсолутно немаат ништо против отворањето на претпријатија и обавување на дејности во тие индустриски технолошки зони од странските компании, но бараат и наша должност е по Устав, да им овозможиме рамноправни услови за конкуренција. Ние сега со ваквиот пристап ги оневозможуваме домашните претпријатија. Ако ни е целта да се пофалиме дека дојдоа две компании во индустриско технолошката зона и примија нови 200 или 300 вработени, а после една година да се затворат 4 погони од текстилната индустрија кај нас, кои примале 400 - 500 вработени, тогаш да кажеме. Мислам дека приодот не е добар, дека ќе има негативни последици врз дел од македонското стопанство и дека, кога носиме ваков закон треба да им овозможиме рамноправен натпревар и на нашите стопанственици, на нашите претпријатија, со тоа што изложувајќи ги на конкуренција во тие индустриско - технолошки зони кои очекуваме да воведат нови инвеститори, нови технологии, нов начин на производство, да им овозможиме на нашите стопански субјекти под исти услови да настојуваат и тие да го осовременуваат технолошкиот процес и тие да вложуваат во развој за да можат после тоа конкурентно да се однесуваат. Вака во старт некого го пуштате на 100 метра да трча, а на другиот му давате предност 40 до 50 метра. Се знае дека тој во старт, односно домашните стопански субјекти, ќе изгубат. Од тие причини сметам дека е добро овој амандман да се прифати.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави пратеникот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Господинот, нашиот колега Најдовски е во право затоа што има аргументи за овој амандман.

Членот 9 на кој е поднесен амандманот е арбитриран член односно Владата арбитрира на пазарот, со оглед дека Владата често сака Адам Смит да го цитира, наместо пазарот да е регулатор, Владата сака да регулира во овој случај, наспроти движењата и тенденциите на пазарот и тоа нема долго да трае во Република Македонија, кажав јас веќе. Меѓутоа, сега барем господинот Најдовски се обидува со амандманот да го исправи делумно и арбитревноста во овој случај да ја сведе на нула, дека ако имате извоз ќе ги користите повластиците, или како се нарекуваат овде, даночни ослободувања и олеснувања, а ако немате извоз, односно ако дел произведувате и за дома, тоа нема да ви следи затоа што на тој начин конкурирате на непринципиелен начин на домашните производители.

Владата избрала 80%, можела да избере и 50 и 60 и 70 и 80 и 90 и сите други комбинации за да арбитрира. Меѓутоа ќе ја исклучува арбитрерноста само со 100% и тоа е причината зошто мислам дека ова е дисторзија на економскиот систем. Меѓутоа, тука мислам дека се нарушуваат уште неколку принципи кои сакам на кратко да ги образложам.

Прво, домашните производители кои работат согласно законите на Република Македонија кои не се во зоните туку ги почитуваат сите закони на Република Македонија надвор од зоните и произведуваат за домашниот пазар, дури произведуваат и за извоз, се дискриминирани затоа што овие другите имаат подобра стартна основа. Од една страна може да се каже дека не плаќаат даноци на државата, или од еден друг агол кој економски е поисправен е дека добиваат субвенции од државата, затоа што вие од двајца

производители на пазарот, ако едниот плаќа даноци, а другиот не плаќа и државата тоа го озаконила, можете да толерирате дека едниот е ослободен од давање на даноци. Меѓутоа, од агол на производителот Б, кој не е ослободен, може да го толкувате и вака. Јас плаќам даноци, а овој другиот производител А, не плаќа односно е субвенциониран од државата за износот на моите даноци. Во овој случај Владата арбитрерно се решила буџетските субвенции да ги даде до 20% и со тоа да арбитрира на пазарот, што е економски погрешно. Меѓутоа, може да се случи и ова. Владата во одредена дејност на производство на некој производ на македонскиот пазар има потрошувачка од 100, со 2-3 дозволи за работа во зоните да овозможи на 2-3 производители по 20% да пласираат на македонскиот пазар. Тие 2-3 по 20% да остваруваат 50% од потрошувачката во Република Македонија, затоа што тоа законот го дозволува. Останатите, јас како што велам, вон од жицата на технолошката зона, за половина од производството на македонскиот пазар, веднаш можат да си прогласат постапка на ликвидација, затоа што пазарот тоа не го прима, а овие другите имаат огромни даночни олеснувања односно имаат субвенции од државата, минимум за 20% колку што не плаќаат за придонеси, што не плаќаат персоналец и данок на добивка и скриени субвенции во вид на градежно земјиште, комунални услуги итн. Тоа значи со овие 20% можат да ги закопаат домашните производители кои се вон од жицата. Сега Владата ќе се доведе во уште поапсурдна ситуација, ќе издаде една дозвола, а кога тој ќе почне да пласира 20% од неговото производството во зоната на домашниот пазар, согласно закон, останатите производители што ги спомнува господинот Најдовски, ќе се побунат, ќе речат, извинете јас ги плаќам даноците во оваа држава и имам нелојална конкуренција која е уредена со закон, со дискреционо право на Владата, со дисторзија на системот и ве молам да го затворите тоа производство, да не му дадете дозвола. А Владата може да си дозволи да даде дозвола уште на еден таков и да почне да одлучува на пазарот кое производство ќе го фаворизира и на кого, односно кое производство ќе го дефаворизира и на кого. Одредено здружение при Стопанската комора може да бара да не се издава за нивното производство затоа што тие на домашниот пазар пласираат, Владата може како контра мерка да даде уште една таква дозвола, или некој од нив кој е близок со Владата да му дозволи да реалоцира инвестиции односно производство од вон жицата во жицата на зоната и со тоа да ги конкурира своите до вчера рамноправни компетитори на пазарот во Македонија. Тогаш сите ќе чукнат на вратата на Владата и ќе речат зошто на него сте му дале дозвола, дајте ми и на мене. Тогаш Владата ќе стане арбитер како што беше во планското стопанство. Една мала економска економија повторно ве уверувам дека тоа нема да може да го издржи, а Владата ќе биде под постојан притисок на кого да ги дава тие бенефиции односно под постојан притисок на пазарот зошто воопшто дозволува некој со тие 20% да конкурира на некој што си работи во условите кои се пропишани со даноците на Република Македонија.

Вториот проблем кој ќе произлезе госпоѓо министерке, е дека вие ќе ја издадете дозволата, зборувам вие не лично вашите институции, ќе ја издадете дозволата за работа. Првата година јас ќе извезам 80% и ќе ги задоволам критериумите. Втората година ќе извезам 70%. Според законот јас останувам во зоната, само даночни олеснувања немам. Меѓутоа, претходно сум ги искористил другите олеснувања, сум добил бесплатни комуналии, сум добил земјиште. Значи сите бенефиции сум ги добил и сега јас продолжувам да функционирам со 79%, дури во апсурден случај јас можам да продолжам без извоз. Сум влегол веќе во зоната. Не видов тука преодни одредби дека ако паднете од 80 ви се одзема дозволата, туку само вика во тој случај ќе си ги платите даноците. Меѓутоа имате други привилегии. Треба да ни објасните што ќе се случи во тој случај. Ќе ги одземете ли? Или, светскиот пазар е една голема непознаница за сите на светскиот пазар. Некој може да влезе со 80% идната година да биде 79% извоз. Паднал под критериумот на законот. Третата година 79%. Четвртата година пад 79%. Што ќе прави Владата со тие 1%. Заради тој 1% ќе му ја одземе дозволата за работа во зоната, или ќе го толерира. Ако го толерира, до каде ќе го толерира, до 78%? Ако не го толерира? Зарем е логично само со 1% ако паднал за година или две, да му ја одземе. Значи никој не може да планира. Произведува да речеме микрофони. Кој може да проектира дека во идните три години сигурно ќе биде над 80%. Мислам дека тука има голема арбитрерност.

Во истиот член, Владата за да се задржи даночното ослободување и олеснување за што господинот Најдовски поднел амандман, во ставот 4.5 еден куп на документи, докази, уверенија, така тука пишува, да приложи договор, да приложи решение, да приложи биланс, да приложи доказ, да приложи уверение, а сите овие за нешто се однесуваат. Ги тера во администрирање даночните субјекти односно економските субјекти, со цел да ги издржат овие критериуми, а тоа е сосема спротивно на тоа што Владата го прокламира во овие 2-3 месеци наназад, согласно Договорот со Светската банка дека ќе направи регулаторна гилотиња. Што ми вреди мене, ако господинот Ставрески три прописи ги укине и ги либерализира, ако овде само со овој член имаме десет нови прописи кои секој мора да ги оствари за да остане во зоната. Ова е спротивно на принципот на регулаторна гилотиња. Ова е регулаторна продукција, продуцира регулација кој се врзува над, под 80% итн. Така што мислам дека би било, кога веќе Владата ја прифатила концепцијата за слободни

зони, амандманот на господинот Најдовски е логичен, или ќе влезете тука да произведувате за извоз, па ќе ви дадеме даночни олеснувања за да подобрите биланс на плаќања, трговски биланс итн, или нема да влезете, а за да влезете и да ги конкурирате домашните со 20% без даноци навистина е упад во компатибилност на пазарот. Мене ми е жал што Владата има прилично ригиден став во една фаза, без прифаќање на никакви амандмани. Тоа значи дека секој текст од Владата, од прво читање што произлегува, Собранието нема друго освен да го прифати. Нема две читања, нема фаза на расправа, нема фаза на еден месец работите да слегнат па да се видат нови сознанија, да се проучи што пратениците дискутирале по комисии, нема прифаќање на амандмани. Едноставно, што Владата ќе исфрли, тоа мора во Парламентот да помине и после имаме случаи, после три месеци измена на измена на законот, дополнување на законот. Тоа ја создава правната несигурност многу повеќе отколку причините за влез на било какви инвестиции во ваквите зони. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во салата има 63 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеници, за гласале 18, воздржани 3, против 42.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 за менување на точка 2, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за стопанство.

**Вера Рафајловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Јас уште при образложението на претходниот амандман кажав дека двата амандмани се поврзани. И овој амандман, исто така се однесува на тоа да им се овозможи рамноправен натпревар на пазарот на домашните стопански субјекти со оние кои во иднина би инвестирале во новите индустриско-технолошки зони. Но, очигледно е дека ниту кај Владата ниту кај парламентарното мнозинство не постои расположение да расправаме за овој проблем. Иако е амандман, тој е еден од суштините на предложениот закон кој може да има, ќе повторам, долгорочни реперкусии врз македонското стопанство.

Амандманот се однесува на тоа дека, кога веќе може 20% од своето производство на годишно ниво да врши продажба во рамките на Република Македонија, амандманот се однесува на тоа дека во индустриско-технолошките зони не може да се врши дејност која до отварањето на зоната се вршела во Република Македонија односно во индустриско-технолошките зони да можат да се отвараат претпријатија кои ќе вршат дејност која до отварањето на зоната не се извршува на друго подрачје во Република Македонија. Имено ако е целта така како што кажуваат од Владата дека настојувањето е да се воведат нови технологии, да се воведат нови производи кои не се произведуваат во Република Македонија, да се воведат нови услуги кои во овој момент не се развиени, дали во банкарскиот сектор, дали во осигурувањето во Република Македонија, тогаш не ја гледам логиката зошто не би го прифатиле овој амандман. Напротив, јас мислам дека во прво време во Република Македонија во тие индустриски зони уште повеќе ќе се интересираат за оние дејности кои во моментот се работат во Република Македонија заради тоа што веќе некој го испитал пазарот за одреден производ во Република Македонија, знаат како се трошат одредени производи, знаат како одредена дејност поминува во Република Македонија и многу едноставно е да заклучите дека прво во тие дејности ќе се влошува. Ако се вложува во тие дејности, тогаш зошто, ќе повторам, да ги ставиме во нерамноправна положба нашите домашни производители, или наједноставно кажано, која е таа логика, едно претпријатие од Република Македонија кое години наназад ги плаќа сите давачки во Република Македонија, го полни Буџетот на државата и сега вие со моите пари, ако сум јас стопански субјект, да го субвенционирате мојот конкурент и јас со него на пазарот да се борам рамноправно. Тоа навистина е нелогично и несватливо.

Најголемиот број од зоните кои што во земјите кои што влегоа во Европска унија, кои што беа формирани, беа формирани за производи кои што не се произведуваат, или исклучиво за извоз. Ние не можеме сега на ваков начин, посебно за една економија од мал обем како што е нашето подрачје да ги изложиме нашите производители во овој момент на таква конкуренција. Јас уште еднаш ќе повторам, јас сум за конкуренција, но за рамноправна конкуренција. Вие не можете да ставите боксер од 100 килограми тешкаш со некој од папир категорија кој што е на 48 килограми. Се знае однапред резултатот на една таква борба. Мислам дека не е добро, на крајот на краиштата барем една анализа да имавме со овој закон да ги согледавме тие последици за да можеме со мирна совест да кренеме рака за да бидеме за законот. Јас ќе повторам уште еднаш, на почетокот реков дека ќе го поддржам донесувањето, но ваквите решенија сметам дека не се добри и дека ќе се одразат штетно на македонското производство моментално кое што е во Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Читајки ги амандманите, посебно овој амандман на господинот Најдовски, слушајки го образложението воопшто не ми е јасно зошто Владата не го прифати амандманот. Од искуство во досегашното работење на Парламентот ниту еден амандман, па колку и да има логика, колку и да има корист за стопанството и за Република Македонија парламентарното мнозинство нема прифатено ако Владата не го подржи. Впрочем, опозицијата како предлагачи на амандманите при гласањето нивно служиме веројатно само за кворум при гласањето, бидејки како и да гласаме, колку и да е добар амандманот, колку и да е издржан, не можеме да го изгласаме, не можеме да се надеваме на гласовите од позицијата.

Заштитата на домашното производство фигуративно кажано со трката на 100 метри во која едниот тркач тргнува од почетокот, другито од 40 метри, па како ќе стигнат сосема е известно. Јасно е дека предност ќе има тој кој ги има бенифициите, јасно е дека предност ќе има тој кој ја нуди, кому Владата му дала поклон, големи бенифиции. Поради тоа се изјаснувам дека ќе го прифатам овој амандман, дека го подржувам. Впрочем, и мојата претходна дискусија беше во иста насока.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Во врска со овој амандман имав претходно дискусија во претпладневната сесија на парламентарното заседание. Меѓутоа, и дел од пратениците кои што беа присутни ја слушаа мојата дискусија, меѓутоа ова повеќе се однесува на пратениците од позицијата кои во тој момент не беа во салата, односно не им беше интересна расправата за технолошко-индустриските развојни зони. Во моето излагање и сега по амандманот поднесен од пратеникот Слободан Најдовски апелирам дека овие 20% можат да влијаат директно врз развојот на претпријатијата од Република Македонија кои што нема да бидат во таа технолошко-индустриска развојна зона. Посочив неколку примери и во моето излагање и сега пак ќе потсетам дека овие 20% можат директно да влијаат врз разцвојот на економијата во Република Македонија, особено во некои индустриски гранки. Се со цел ова да не дојде и тие да имаат конкурентност на пазарот во Република Македонија. Сметам дека овие 20% кои што се ставени во законот во член 9, сметам дека треба да стои дека најмалку 100%, односно целото производство треба да биде за извоз. Затоа давам поддршка на овој амандман се со цел да имаме конкурентност на пазарот, се со цел и фирмите кои што нема да се најдат во технолошко-индустриската развојна зона да имаат конкурентност и да бидат продуктивни за Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат, пристапуваме кон гласање.

Бидејки во салата има доволен број на пратеници, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 17, 1 се воздржа од гласање, 43 гласале против.

Констатирам дека Собрание не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1, поднесен од пратеникот Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Верица Филипова.

**Верица Филипова:** На кратко би сакала да образложам за што се однесува овој мој амандман.

Во членот 11 став 1 се кажува сопственоста на земјиштето на кое се основа слободната економска зона. Зоната се основа на подрачје утврдено со просторен план или со урбанистички план на земјиште во сосптвеност на Република Македонија како локалитет од јавен интерес. Зоната може да биде основана во урбано подрачје, или надвор од урбано подрачје. Мојот амандман се однесува на сопственоста на земјиштето, односно после зборот “Република Македонија” се додава “да биде сопственоста и на друго правно, или физичко лице”. Ценам дека основањето на технолошки индустриски развојни зони не би требало да се ограничува само на земјиште во сопственост на Република Македонија. Впрочем, и новиот предлог за донесување по итна постапка закон за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште вод ржавна сосптвенсот, со Предлог закон се продолжува рокот на приватизацијата на земјиштето во сопственост на Република Македонија уште на две години, бидејќи изминуваше постоечкиот Закон, така што по примерот на Фени кој е слободна индустриска зона до колку согласно Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште Фени го испочитува овој закон и земјиштето на кое е основана фабриката, индустријата Фени го откупи од Република Македонија согласно важечкиот и новиот Закон, значи дека правото за технолошка индустриска развојна зона ќе го изгуби. Доаѓа до колизија на закупот за 50 години како слободна економска зона откупот, можноста за откуп на градежното земјиште. Во Република Македонија

има примери од повеќе земјишта, било да се вратени по Законот за денационализација каде приватни сопственици, односно физички лица станаа сопственици на поголема површина на градежно земјиште, или откуп на земјиштето каде се наоѓаат правни субјекти погоелми комплекси на пропаднати погони каде е откупено земјиштето и повеќе не е во сопственост на Република Македонија, туку во приватна сопственост. Согласно ставот 1 од членот 11 се губи можноста за основање на технолошка индустриска развојна зона на такво земјиште. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавни за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, за гласале 17, се воздржале 2 од гласање, 43 гласале против.

Констатирам дека Собрание не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 3, за додавање нова точка 2-а по точката 2, поднесен од пратеникот Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија, повелете.

**Вера Рафајловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Амандманот се однесува на можноста од изземање на конфекциските погони, односно текстилното конфекциско производство од технолошките индустриски развојни зони. Накратко во моето денешно излагање дискутирав за ова. Дел од претходната дискусија би повторила, дел би додала. Цела Источна Македонија живее благодарение на текстилната индустрија, благодарение на малите и средни претпријатија кои што се занимаваат со шиење на облека. Такви ги има повеќе од 1200 во Македонија. Од досегашното искуство на гласање на амандманите убедена сум дека и овој амандман нема да се изгласа. Меѓутоа, сите присутни пратеници јас ве молам да си споменете за текстилните погони кои постојат во местата на вашето живеење. Сигурно близок од вашето семество, близок пријател работи во некој сличен текстилен погон. Со изгласувањето на законот за технолошки-индустриски развојни зони без овој амандман впрочем ги уништуваме таквите текстилни погони, го уништуваме индустриското опстојување во Источна Македонија, вработувањето на повеќе од 36 илјади лица. Во околината на Штип ќе биде формирана една од идните технолошки индустриски развојни зони. Постоечките шеесетина Штипски конфекции барем добар дел од нив после неколку гимнастики ќе го префрлат производството од нивните сегашни капацитети во новата технолошко-индустриска развојна зона. Еден дел од нив ќе се прилагодат на новите услови. Дискутирајќи за ова со претставникот од Владата тој ми тврдеше дека нема да можат да ги преселат машините. Ќе купат нови машини, ќе донесат нови машини, ќе регистрираат нови фирми, ќе го префрлат производството од постоечките фабрики во новата технолошко-индустриска развојна зона. Што ќе се случи со конфекциите во Кочани, што ќе се случи со конфекциите во Делчево, што ќе се случи со конфекциите во макеоднските села, во село Облешево, во Јосифово и во уште многу други. Тие ќе бидат жртви на нелојалната конкуренција со која оваа Влада со овој закон им овозможува на едни правни субјекти да работат по бенифицирани услови, други не. Владата се става како што претходно изнесе пратеникот Поповски да е регулатор на стопанството, а не пазарот. Сигурна сум дека во технолошко-индустриски развојните зони е неопходно да се развива текстилно производство за производство на репро материјали во текстил, односно на базичен текстил, тоа што во овој момент фали во Република Македонија. Потребно е да се произведуваат текстилни влакна, потребно е отварање на предилници, потребно е отварање на ткајачници, отварање на погони за доработка на платното. Тоа што фали во Република Македонија, пандан на погоните кои некогаш постоеја, а денеска се затворени. Да потсетам, базно текстилно производство во Македонија имаше во памучниот текстилен комбинат "Македонка", базно текстилно производство имаше во "Струмичанка" во "Снитекст" Свети Николе, во Свиларата - Велес и уште во многу други производни капацитети. Денес сите тие не работат, денес е уништено нивното производство. Се надеваа всушност и претставниците на македонските конфекции дека Владата со новиот закон за технолошки индустриски развојни зони ќе стимулира и ќе овозможи влегување во тие зони на странски брендни имиња, на нови технологии кои ќе произведуваат текстил. Па заедно со досегашните конфекции би можело да се постигне целосен пакет на услуги од текстилното производство до кроење, шиење и пакување.

Наместо да се постигне договор за дијагонална акомулација, кој фали во текстилната индустрија на Македонија, како што имаат за жал Турција, Хрватска, Мароко и многу други земји од понеразвиениот свет во Македонија се овозможува нелојална конкуренција на досегашните конфекции.

На крај да завршам за денешниот ден, со донесувањето на овој закон и со неизгласувањето на овој амандман ќе биде запишан со големи букви како почеток на падот на македонското конфекциско проиризводство. Овде сме, овде живееме, овде остануваме, ќе се видиме и понатаму по една, две, три, четири години и сведоци ќе бидеме дека ова што денес го зборував, ова што оваа Влада го предложи, а овој Парламент не го изгласа ќе значи не отворање на нови работни места, туку затворање и на веќе постоечките работни места во текстилната

индустрија во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Реплика од 3 минути за господинот пратеник Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Мислам дека доста од тезите звучат логички, но она што е основна цел на законот е да се донесат странски брендови кои што ќе внесат нови технологии и нови начини на производство, па јас поставувам прашање доколку го усвоиме амандманот што би се случило доколку интерес за влез во една од технолошките индустриски развојни зони имаат брендови од типот на НАЈК или АДИДАС или ПУМА, кои што на ниеден начин не можат да го загрозат производството за кое што зборуваше пратеничката. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута за контра реплика за пратеникот Верица Филиповска.

**Верица Филиповска:** Брендови како НАЈК, АДИДАС, ПУМА, ЗАРА и уште многу познати брендови и денес шијат во Македонија. Тоа се брендови односно текстилни брендови, спортски брендови кои немаат свои фабрики низ светот. Тие работат по ЛОН системот и денес. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Аманддманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, за гласале 19, од гласање се воздржале 3, и 44 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, за гласале 46, еден воздржан, и 15 гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за технолошки индустриски развојни зони.

**Минуваме на точката 5-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Има збор пратеникот господин Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Мислев дека е природно прво претставникот на Владата да образложи за предлогот на измените, но да го почитуваме и тоа дека не се има дополнителен коментар на предлогот. Затоа најверојатно и новинарите ја оцениja транспарентноста на Владата со двојка.

Инаку, прво би поставил две процедурални забелешки, или две процедурални прашања од кои што едното во текот на расправата и формално ќе побарам да се изјасни Собранието.

Значи, морам до вас како претседавач, на седницава како е можно, по кој деловник точката што е закажана на седницата на 26 декември, значи оваа истата е префрлена на оваа седница без формално да биде повлечена од таа седница. Значи, дали кога ќе почне седницата што беше закажана за 26 декември е одложена, истиот закон ќе се најде повторно на дневен ред. Такво нешто се случи со законот за индустриско технолошките зони, но во интерес на тоа дека конечно сакаме да зборуваме за економија не правевме многу проблеми, но мислам дека тука е повреден Деловникот. Тоа е една работа.

Втора работа, согласно Деловникот не е завршена уште една работа, а тоа е работното тело за европски прашања мора да го гледа овој закон и јас подоцна согласно член 76 од Деловникот ќе побарам Комисијата за европски прашања да го разгледа овој закон.

Денес на дневен ред, за жал имаме еден закон кој што зборува за демократскиот капацитет на оваа Влада за неевропската ориентација на оваа Влада и за партизацијата на институциите во Република Македонија. Каде и да отидете , пред малку и господинот Никола Поповски дискутираше за тоа, но каде и да отидете, во било кој европски прирачник за сваќање на работата на ЕУ ќе прочитате дека степенот на демократија се мери со способноста на Владата да не се меша во регулаторните тела. Има посебни директиви за тоа и посебно се води грижа за тоа.

Денешниот предлог на закон е да се направи упад партиски во една исклучително значајна сфера и ќе го аргументирам зошто. Упадот се прави со измени во законот кои се контрадикторни, конфузни, надвор од правната логика, а и донекаде се измешани некои принципи. Зошто зборувам дека се контрадикторни, или пак , ајде да тргнеме од враќањето, да се обидеме да ја вратиме Европската агенда во работата на Владата.

Кога станува збор за земја кандидат како што е Република Македонија ние не можеме со ситни финти, како пред некој ден кога изборот на јавниот обвинител ни беше донесен 45 минути пред почетокот на седницата да се однесуваме и кон предлози кои се под постојан мориторинг на ЕУ. Кога сте земја кандидат тогаш принципот на работа е следен.

Ќе подготвите некој закон, ќе го испратите на мислење во Европската комисија, Европската

комисија ќе го разгледа и ќе го врати со своето мислење и врз база на тоа дали е позитивна или негативна оценакта за законот Владата може да оцени дали ќе го донесе тој закон или ќе постапи согласно укажувањата на Европската комисија.

Сакам да потсетам дека Владата се обиде ова да го направи уште на почетокот на својот мандат, но тогаш за жал по укажувањата од страна на претставниците на Европската комисија, од директоријатот за информатичко општество и медиуми односно директоријатот за телекомункации беа опоменати на поткомитетот за стабилизација и асоцијација што се одвиваше паралелно со собраниската седница. И да ве потсетам, премиерот Груевски тогаш со писмо го повлече тој закон и сега веројатно се мисли дека согласно логиката на господинт Груевски дека тој добил мандат што сака да прави во државата, може да предложи закон со кој што ќе изврши партиски упад во Агенцијата за електронски комуникации односно претседателот на Комисијата за телекомуникации на ВМРО-ДПМНЕ да стане директор на Агенцијата за електронски телекомуникации.

Затоа, согласно член 76 реков ќе побарам во расправата Комисијата за Европски прашања да даде свое толкување врз база на мислењето од Европската комисија дали овие измени се согласно препораките од Европската комисија.

Да биде трагедијата поголема Владата во кампањата која што, веројатно ќе дознаеме некогаш за Инвест-Македонија со прочуениот цепелин, на својата ВЕП страница, со која што има некои други проблеми, за тоа тука нема да коментирам, дава образложение за ситуацијата со пазарот на телекомуникации во Република Македонија и со која се фали и се промовира во светот. Таму вели “Телекомуникациската инфра структура е една од најнапредните во Југоисточна Европа. Македонските телекомуникациски мрежи се 100% дигитални, постојат голем број на Интернет сервис провајделри со кои се нудат телекомуникациски услуги. Има два мобилни оператори за мобилна телефонија и дека пазарот се регулира од независен комуникациски регулатор со легислатива која е во согласност со европските директиви”.

Јас немам како освен да укажам и да апелирам дека патот на Македонија кон ЕУ подлежи на некои законитости, подлежи на некои принципи посебно откако сме станале земја кандидат. Да не мислиме дека сето ова што се случува може да помине надвор од опсервацијата или од мориторингот на луѓето кои што го оценуваат прогресот на Република Македонија кон ЕУ. Затоа ќе истакнам дека не се зборува повеќе за почетокот на датум на преговори во Брисел за Македонија и дека Македонија веќе не е тема, затоа што регионот малку се узбурка, но тоа не значи дека не треба ние да ја притискаме работата, но за жал во овој момент Владата не го прави тоа. Не за џабе на седницата за пратенички прашања го поставивме прашањето дали Македонија односно Владата односно господинот Груевски очекува почеток на датум за преговори за време на германското претседателствување како што се надеваше, или како што зборувашее за тоа во септември или октомври 2006 година. Зошто велам дека со оваа сфера нема играње. Затоа што ова е една од областите, која посебно е приоритет во ЕУ и Европската комисија.

Гледам дека замеником министер е напреднат во технологијата, па зборува на мобилен, јас ќе почекам да заврши.

**Иван Анастасовски:** Ја прифати вашата сугестија заменикот на министерот и престана да зборува на мобилен, можете и вие да продолжите. Повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Затоа велам, не за џабе е оваа сфера. Ова го зборувам како човек, ќе кажам на крај не како пратеник, не што сум работел во дел од оваа област, туку кој што заради несобирањето на сила да се справиме со концесискиот договор со македонските телекомуникации во минатиот состав јас бев единствен воздржан за овој закон и моите ставови се многу познати во однос на обаа област во јавноста и овие укажувања се надевам дека можеби ќе допрат до некој друг.

Не за џабе оваа сфера е на приотетните места во Европската комисија и таму една од ретките области каде што комисионерот за информатчко општество и медиуми Видија Реминг има казнето земји членки на ЕУ за непочитување на директивите од оваа боласт. И тоа не било кој Германија, Грција, Португалија. Не за џабе ова е вметнато и во двата извештаи од Европската комисија за прогресот на Република Македонија кон ЕУ. Таму децидно стои дека Македонија има направено добри работи, има некои лоши особено, особено неисполнувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација, а тоа е неможноста оваа Влада и претходната да се справи со концесискиот догор со македонски телекомуникации кој го потпиша господинот Груевски некаде околу 2000-та година. Одтука, нема бегање. Додека тоа не го решиме ние не можеме да добиеме позитивен чекор кон ЕУ. Можеби ќе собере сила премиерот па ќе го почне политичкиот дијалго, иако се сомневам во тоа, можеме да решиме и редица други работи,можеме да донесем и 100 закони за празници, но без оваа сфера која е висок приоритет во ЕУ не можеме да тргнеме да одиме напред. Затоа џабе ни е што на интернет со Инвест Македонија ние ќе се фалиме што како држава имаме нешто, а во принцип од друга страна не го спроведуваме тоа.

Министерството за транспорт и врски доаѓа со предлогот на измените со цел, како што вели, да помогне на либерализацијата, но во стратегијата како што е сега, што е полуплагијат, што постои во Министерството за транспорт и врски се вели “Законот за електронски комуникации Службен весник број 1305 се уредуваат услови и начин за

вршење на дејноста во областа на електронските комуникации.

Се создаваат услови за потполна либерализација во електронските комуникации, а посебно во делот за изградба на инфраструктурата, се обезбедува пристап, интерконекција со јавни комуникациски мрежи на други оператори, даватели на јавни комуникациски услуги.

Во законот се имплементирани сите релевантни ЕУ мерки".

Значи, кога Владата ќе дојде со предлог да измени закон во кој што се имеплементирани сите релевантни ЕУ мерки тогаш мора да има мислење од Европската комисија, мора да има мислење од Комисијата за Европски прашања на Собранието на Република Македонија дали тоа е навистина така. И не за џабе во Зконот во член 22 од Законот за електронски комуникации пишува "хармонизација со ЕУ и друга меѓународна соработка". Таму сме обврзани сите измени што ќе ги направиме да мора да бидат во координација, во консултација и согласно европските препораки. Затоа велам не е идејата да се изврши либерализација, туку напротив да дојдеме до ситуација каде што повторно ќе се направи еден партиски упад во едно исклучително независно или исклучително битно тело кое што по самата функција, или по самата дефиниција од член 7 од Законот е независно регулаторно тело.

Програмата на ВМРО-ДПМНЕ нема да ја коментирам, тој не го вика тоа дека ќе го напрви, независноста на регулаторните тела ќе ги штити, но сме сведоци дека со ваквите упади само ќе придонесеме да растат негативните поени за партизацијата на администрацијата на независните тела, да раснат негативните оценки во очита на Брисел за Република Македонија. А, дека имаме проблем да сфатиме што е тоа конкуренција или како премиерот ја сфаќа конкуренцијата во оваа област најдобар пример даде на настанот во, не е битно во кој хотел, мислам дека беше Александар палас, не е битно, на Амчам комората, каде што на прашањето зошто во тендерот нема можност за повеќе мобилни оператори, туку мора да биде само еден, господинот Груевски вели: "Ја донесов можноста не само за трет туку за четврт мобилен оператор, меѓутоа по консултацијата со поголем број експерти бев советуван дека не треба одеднаш да се оди со два мобилни оператори, бидејќи може да се исплашат потенцијалните оператори од голема конкуренција". Е па, сега или сакаме да ја зголемиме конкуренцијата или потенцијалните оператори да се плашат од конкуренција и затоа Телеком, бидејќи е во таква добра позиција тој се плаши, условно кажано, иако по Законот за електронски комуникации тој е оператор со значителна пазарна моќ. Не треба од што да с плаши, не му одговара да дојдат нови луѓе. Значи вистинската конкуренција се прави со отвореност на пазарот каде што не три, четири и каде што нема да поставиме такви услови и по диктат на тој еден што се јавил, за жал, го менуваме рокот за користење на радиофревенциите и го продолжуваме од 10 на 20 што е пак дополнително надвор од било која логика за конкуренцијата или пак да се бориме со монополската позиција.

Ќе остане прашање и дилема во јавноста, зошто Законот кој што се појави на собраниска сцена прв пат во септември, па беше повлечен од премиерот Груевски со писмо веќе го дебатиравме, се сеќавате. На 01.12 беше предложен законот, но под притисок на тој некој мобилен оператор што некој претпоставува дека треба да биде се менуваат условите на тендерот и се менува со амандман или се уште бидејќи не е донесен овој закон, ќе видиме дали ќе биде донесен, се продолжува рокот за користење на радиофреквенциите од 10 на 20 години за да се допривлечат и да оди во прилог на тоа што пред малку го дискутиравме, ако може се ќе направиме само пиар инвестиција да имеме, да кажеме дека дошол некој под идеални услови, под перфектни услови какви што не може да ги најде никаде нити на Девствените острови, ниту не знам на Кипар, каде што постојат такви благодети само за да добиеме некој поен, но во пракса дали тоа ќе функционира, ќе покаже времето.

Инаку законскиот проект што е пред нас на маса нормално, има малку членови и секогаш, она што мене ме научи искуството во овие пет-шест месеци како работи Владата, дава еден член кој што е пиар, како добра, дава образложение што е за пиар добро и во принцип после тоа, во некој член после ќе си го подметне решението што си го сака. Затоа суштината на овој закон, одговорно тврдам не е никаков процес на либерализација, не е никаков обид да се зголеми конкуренцијата, не е согласно европските директиви затоа што таму строго се води контрола како се однесуваме кон регулаторните тела, туку е обид за партиски упад да се смени директорот за Агенцијата за електронски комуникации да се стави партиски човек кој баш и нема многу познавање со оваа, добро можеби има познавање.

Зошто велам, апсурден е законот? Затоа што се обидува со членови што треба да се уфрлат и алинеи да се уфрлат, да се даде некој призвук на некоја контрола финансиска, а такви членови, ставови и алинеи има во законот. Еве го тоа да го елаборираме.

Значи во образложението Владата вели дека со измените и дополнувањето на законот ќе се обезбеди услогласененост во однос на можноста да се добие реална слика за финансиското работење на регулаторот во однос на неговата работа во претходниот период, а што ќе се обезбеди од ревизиски извештај изработен од надворешен и независен ревизор. И затоа Владата предлага измена на член каде што во Законот за електронски комуникации во членот 10 во став 3 по точката Г се додава нова точка Д која гласи - ревизорски извештај изработен од надворешен и независен ревизор. А таква иста

точка, ист член имаме во членот 26 со кој што за финансиското работење на Агенцијата си постои можност за финансиска ревизија, надворешен ревизор, од внатрешен, од Република Македонија, од странство, од кого сакате. Значи навистина не можам да разберам, се дава предлог на измени на Закон каде во членот 10 се додава алинеја која постои во член подолу во Законот за електронски комуникации. Зошто има потреба тогаш повторно да дебатираме тука ние до 101 и назад, за да се докаже или убедиме дека нешто што ви го пишува понатаму во законот, реков во членот 26, да го најдеме и да потрошиме овде време наместо да зборуваме за Законот за стечајци, некој друг закон кој што ќе ги подобри условите за живеење или ќе го подобри економскиот стандард на граѓаните на Република Македонија.

Тука очекувам да добиеме одговор од заменик министерот, зошто се влегува во една ваква авантура, кога таков член и таква алинеа постои во Законот. Значи постои посебно подглавие финансиска контрола на Агенцијата, за своето работење, може да се изврши, постои можност за активирање на независна ревизорска куќа, за странска, како сакате, како ќе оцените која е најблиска.

Вториот член, и тука доаѓаме до целта на следните два члена, се однесуваат на тоа што го предлагаат предлагачите, а тоа е како да дојде до промена, прво на Комисијата, а потоа на члeновите.

Во член 15 се додава нова алинеа која вели - доколку се утврди дека при извршувањето на функцијата сам или заедно со друг член на Комисијата делува спротивно на основните цели на законот и конзистетната имплементација на системот на системот на електронските комуникации, (внимавајте тоа треба да го оцени Комисијата за избор и менување во Собранието), а кое може да се утврди од Извештајот на ревизорот за степенот на постигнување на законските надлежности на Агенцијата.

Членот 14 или членот 15 се однесува за разрешување на претседателот и члeновите на Комисијата.

За жал, не гледам логика како Комисијата која е исклучително стручно тело, со биографии за кои можат да позавидат многу луѓе, со професори кои за својот труд верификација добиле не само во Македонија туку и со странство, со стручни лица што имаат издадено и учебници од оваа област во странство, да ги поистоветуваме или н нивната надлежност прво да ја цени Комисијата за избори и именувања и второ да ги поврзуваме некои финансиски ингеренции. Имено во член 14 за надлежноста на Комисијата се вели дека, донесува статут и други акти на Агенцијата, донесува годишен финансиски план на Агенцијата, донесува годишна програма за работата на Агенцијата, одобрува годишен извештај за работата, го именува директорот, тука е болката, го следи спроведувањето на годишната програма и решава по жалби во втор степен, доставува извештаи, препораки, предлози.

Нема можност, нема надлежност, Комисијата да влезе во една варијанта, да бараат со пари и да калкулира, а потоа ревизорот да утврдува некои работи. Значи, да ве потесетам, предлогот што Владата го достави во септември и што веднаш беше повлечен од премиерот Груевски, бидејќи на 5-6 километри од овде, во Клубот на пратениците, во подкомитетот за стабилизација и асоцијација, во тој момент претставниците од Европската комисија остро реагираа и го повлекоа затоа што со претходниот предлог се развикуваа. Во претходниот, во преодни и завршни одредби пишуваше дека и престанува мандатот на Комисијата.

Многу е битно да сватиме дека овој механизам не го измисли претходната Влада. Овој механизам каде Собранието во транспарентна постапка ја бира Комисијата, а таа потоа го бира директорот, обезбедува една поголема независност, една поголема транспарентвност, бидејќи овде во Собранието се дискутираше и она што нас треба да не прави горди, што сите предлози тогаш поминаа со сите гласови за и тоа беше позитивно оценето, тие луѓе што се искрени ќе кажат и тоа во сите контакти го имавме, дека таквите тела што се бираат, кога поминуваат со сите гласови за и од позиција и од опозиција, значи вределе луѓето. Тогаш се понудија такви решенија што ниту некој ги поврзуваше со политички партии, напротив се поврзуваа со стручност, со компетентност и сега некои политички партии кои се во парламентарното мнозинство, заради други интереси, за да дојде некој друг за директор на Агенцијата за електронски комуникации. Прво, тука ќе ги донесете на столбот на срамот. Значи, јас ви кажувам што ќе се случи. Парламентарното мнозинство ќе го изгласа овој закон, ќе си поведе постапка за члeновите за Комисијата што немаат ингеренции во финансиските плаќања, тука професори со по 70 или по 100 научни трудови, со книги издадени од странски универзитети, ќе ги девалвираме затоа што сакаме да си исполниме некои дамнешни желби на некои луѓе. Не одат така работите. Така во Европска унија никогаш нема да стигнеме. Значи зборувам најискрено, како човек што е не само од оваа област, туку како човек кој сегогаш сум се борел и во претходната Влада, максимално да се ослободиме од тие хипотети поврзани со процесот на електронски комуникации и навистина да изградиме институции кои ќе бидат достоен репрезент.

Оваа Агенција за електронски комуникации е направена по сите теркови на Европската комисија и на Европската унија, со масовна поддршка од Европската агенција за реконструкција, со масовна поддршка на експерти од Европската унија, со голема помош на УСАИД, со голема помош на експерти и консултанти, за да биде пример. Најбитно е што на Светскиот самит за информатичко општество во делот за

телекомуникации беше оценет како најпозитивен пример за прогрес и за градење на една институција, како што треба.

Друго прашање е, што и јас не сум задоволен што Министерството за транспорт и врски и во минатиот перод и сега доцни во спроведувањет на некои подзаконски проекти кои се нужни за да го добиеме тоа. Значи, и за стратегијата за телекомуникации и за времената спогодба што и во претходниот состав не можевме да го убедиме министерот. Јас знам дека оваа област не е една од приоритетните во Министерството и тоа е хендикепот на оваа област, дека градежништвото, авиосообраќајот, патната инфраструктура и железничкиот сообраќај се многу поинтересни, за жал, отколку оваа обалст, но оваа област, верувајте ми е поголем приоритет и поголем мониторинг на Европската комисија. Не за џабе, реков, прочитајте ја првата реченица од Извештајот на Европскта комисија, каде се вели, Република Македонија постигна напредок во политичките критериуми, но за жал не ги исполнува договорите од одредени одредби од Договорот за стабилизација и асоцијација, особено телекомуникациите, а тоа се однесува на концесиските договори. Од тоа сите од Владата ќе го потврдат, на било која средба што ќе ја имаат со Европската комисија, ќе ви речат, дечки, раскинете го договорот концесиски, со Македонски телекомуникации.

Јас како вреден пратеник, уште на 17 октомври, запишано е овде во собраниските акти до Законодавно правната комисија доставив предлог, го молев претседателот на Собранието да интервенира кај претседателката на Законодавно правната комисија, да ми се даде одговор што правиме со концесиските договори, бидејќи по член 144 став 1 од Законот за електронски комуникации, од февруари до ноември 9 месеци поминаа, помина таа одредба на усогласување и сега сме во еден вакум, што важи, како важи, и како ќе постапуваме. Но, за жал, претседсателката на Законодавно правната комисија знае да ги напаѓа нашите пратеници дека многу зборуваат, знае да ни дофрлува од место дека многу ги одовлекуваме седниците, но материјал поднесен од пратеник, сосема легитимно, заведен во архивата на Собранието, на 17 октомври, не може да дојде на дневен ред на Законодавно правната комисија, да добиеме автентично толкување. Затоа и минатиот пат кога имавме некоја седница во декември, претседателот Георгиевски ни вети дека ќе интервенира, но еве феврурари дојде, се чека уште нешто да се случи веројатно, па потоа ќе се смилува, или пак предлозите од опозицијата не можат да добијат ни автентично толкување од Законодавно правната комисија. Затоа ќе биде многу мачно, реков за тие луѓе што треба да се донесат овде на столбот на срамот и да зборуваме за професионалните квалитети што ги вреднувале не нашите универзитети, светски меѓународни универзитети, интернационални универзитети, познати и призанти, не атхог колеџ. И доаѓаме до членот 3, бидејќи согласно постоечкиот Закон за електронски комуникации се предвидуваат условите кои треба да ги исполнува директорот.

Во досегашниот закон, во член 16 вели Комисијата го именува директорот по пат на јавен конкурс, кој треба да е државјанин на Република Македонија, да има завршено високо образование од областа на електротехничките науки, првото или економијата, со работно искуство над 5 години и со посебни знаења од областа на електронските комуникации како и да поседува организациски и раководни способности. За жал, претседателот на Комисијат за телекомуникации, на ВМРО-ДПМНЕ, не ги исполнува овие услови и затоа е член 3 односно во член 16 став 1 се менува и гласи - Комисијата именува директор на Агенцијата по пат на јавен конкурс, државјанин (верувам дека е) на Република Македонија, тоа е тргнато. Кандидатот мора да биде со високо образование и работно искуство над 5 години и при изборот во предвид ќе се земе професионалното, меѓународното и менаџерското искуство во обалста на електронските комуникации. Значи не е битна позадината или беграудот на образованието на директорот. Значи тој може да биде, не сакам да навредам некоја струка, туку зборувам за поврзаноста на оваа област. Значи може да биде биолог, или во овој случај како што е пример интенцијата да биде машински инжинер, кој што, заради тоа што бил одговорен за парното во Македонски телекомуникации ние мислиме дека тој е експерт по тлелкомуникации и сега го менуваме законот само за да удоволиме на некои партиски барања. Јас ви кажувам има во ВМРО-ДПМНЕ уште 100 подобри решенија, како што можеше да биде подобро решение или домашно, поевтино да најдеме за министер без портфељ, одговорен за информатичко општество. Поевтино ќе не чинеше бидејќи тој ќе добиваше плата како и сите македонски министри, а немаше да добива плата за, не знаеме што има таму, можеби има 10 апартмани и сега ќе ги плаќаме целосно, а во ВМРО-ДПМНЕ има луѓе кои се и постручни, што работеле во стратегијата за развој на информатичкото општество и што придонеле за развојот на истото. И сега повторно, да не е државјанин на Република Македонија, повторно одиме со таа варијанта да не си веруваме во нашите луѓе. Значи истиот случај со фондото за здравство, иако тој Тренковски не ми личи дека е странец, исто со јавниот обвинител, иако Шврговски исто не ми личи дека е странец и со директорот на Македонска телевизија, Ставров, и тој не ми личи дека е странец, ама секогаш ние сакаме да претставиме дека е нешто многу јако, ако тој бил од странство или пак, не да не си веруваме на нашите, туку ако можеме тоа да го направиме со странски инвестиции или странски компании, демек странските компании ќе работат подобо од нашите. Ист е примерот со Инвест Македонија. Комплетното одружување на тој проект што треба да ја промовира Македонија

дека можеме да инвестираме, е дадено на странство. Значи хостирањето е дадено на странство.

Значи одржувањето на серверот е дадено на странство.Сајтот ви е регистриран на приватно лице. Значи тој кога нема да ви биде одговорен за инвестирањето во Македонија ќе си го земе сајтот Инвест Македонија, никој нема после да не фали што сме направиле во Телекомуникации и Македонија ќе има проблем. Значи ова се реални проблеми што сакаме адхок на брзина поставуваме високи стандарди а не можеме да ги стигнеме. Зошто да не, ако сакате да инвестирате во Македонија па викаме најдобра струка или област е информатичката, дајте го тоа на македонска компанија да го прави. Зошто мора серверот да го одржува во Германија или во Њујорк, некој да го регистрира, можеме тоа да го направиме и во Македонија. Или да го регистрира приватно лице. Тоа е друго прашање. И затоа не можете да го потцените тоа што оваа област е посебно специфична и се бараат вакви услови и овие не ги пишувало во програмата на СДСМ, тоа се некои стандарди што постојат секаде. Ова е закон уште еднаш да кажам што ги поминал сите експертизи и што добил позитивно мислење од Европската комисија. За жал, тука го немаме разгледано мислењето да ни биде доставено од Европската комисија господинот Паскал, Рилијан Рени госпоѓата. Дали во директоријатот за телекомуникации знаат што се случува? И затоа велам: ниту ќе се зголеми како што вика во образложението Владата, со оваа измена ќе се зголеми компетентноста. Како, ако биолог стане директор на Агенцијата за електронски комуникации ќе се зголеми компетентноста? Веројатно ако се стеснуваат областите, тогаш можеме да зборуваме со компетентност. Ниту се зголемуваат годините на искуство во таа сфера, па да претпоставуваме дека ќе бидат поголеми и компетентни. Не. Напротив, имаме пониски критериуми за избор на директор и не мислам дека тоа ќе придонесе за зголемување на компетентноста. И тука се исцрпуваат овие три члена во кои што Владата уште еднаш, да повторам, за жал, прави упад. Значи, интенцијата на Владата била да направи упад во Агенцијата со алинеја што ја има, значи во членот 26, уште еднаш да повторам, пишува под Главата: финансирање, сметководство и ревизија на Агенцијата. Во став 3 пишува: ревизијата ја врши надворешен и независен ревизор. Значи, нема потреба да го ставите во член 10. Го има во член 26. Сега ќе го има на две места. Значи тоа била интенцијата на Владата на 1 декември. За жал, Владата во меѓувреме на 12 јануари доставува нов амандман. И тој амандман не можеме да го разгледуваме надвор од овој предлог, иако нема врска со измените на законот. Тој се однесува на продолжување на годините на користење, или важност, одобрението на користење на радиофреквенциите од 10 на 20, затоа што очигледно после објавувањето на тендерот работите тргнале на лошо и морале да се задоволат некои барања. И затоа сега се сака со измени на Законот да се задоволи новиот оператор кој што се осетил комотно дека може да дојде во Република Македонија и да инвестира само доколку за тоа му се понудат 20 години одобрение на користење на радиофрекфенциите. Но, тука ќе си влезат и двата постојни оператори, па и тие ќе си искористат ни криви ни должни од оваа конкуренција наводно што ја замислува премиерот, ќе си искористат и тие ќе си добијат свој бенефит. Кога зборуваме за овој закон останува да дебатираме за уште две работи.

Прво, идејата на Владата гледам за спојувањето на Агенциите што го има ветено наидува на реакции во јавноста и тоа е добро. Таквиот концепт единствено што постои во Словенија се покажа како неадекватен. Но, не сакам за тоа да зборувам, за тоа ќе зборуваме понатаму. Се надевам дека ќе ги послуша и барањата на приватните радиодифузери, на другите чинители и субјекти во оваа област и навистина ќе дојде до поширока координација во носењето на тој закон. Кога зборуваме за овој закон останува да споменеме за најболната работа, реков кога зборуваме за оваа област, а тоа е концесискиот договор. Значи, без разлика што усогласувањето требаше да се заврши во ноември, усогласувањето не е завршено и се додека го имаме тој концесиски договор со Македонски телекомуникации, ние нема да добиеме во ниеден извештај од Европската комисија позитивно мислење. Јас тогаш со амандман предложив и реков: усогласувањето наместо 9, да трае 6 месеци и затоа не гласав за тој закон. Бев единствен воздржан овде, затоа што сликата за Република Македонија со тој концесиски договор не врви во Брисел и во ЕУ. Јас и тогаш укажував дека не е природно дивидендата да биде, може да се провери од стенографските белешки, толку големата дивиденда не е природно да биде пазар и на преговори меѓу Влаата и Македонски телекомуникации, но така се поставиле работите. Експеротот по телекомуникации или претседателот на Комисијата на ВМРО ДПМНЕ во една колумна во “Дневник” ќе рече: бев убеден дека минатогодишната распределба на дивидендата е врв на лицемерството и потценување на свеста и интелегенцијата на сопствените граѓани од страна на Владата.

Антикорупциската комисија треба веднаш да се зафати со разгледување на случајот. Ништо не се променило. Напротив, истиот тој човек, истиот тој господин како ваш советник ви е дел од заштита на капиталот на државата во Македонски телекомуникации и сега сме пресреќни дека сме ги зеле тие 40 милиони евра што кажувам дека се неприродни. Фалат инвестиции, фали надградба. Македонски телекомуникации потроши огромни пари на проектот Рауто Саксет, ама не успеа тоа. И тука се поставуваат тие дилеми кога Владата од една страна има 40 милиони евра што може да ги стави во здравство, во образование, добро да ги потроши. Значи, тоа е единиот притисок што го има Владата, значи нешто што може да направи.

А од друга страна, дали со тоа се дава повластена позиција на компанијата да може и во следниот период да си држи монополска позиција. И ништо не се променило. Повторно зборуваме, повторно се договораме, повторно водиме преговори за дивидентата колку да кошта, како да кошта. Секогаш кога Владата ќе преговара со Македонски телекомуникации, или со Бордот на МАТАВ, ќе бидеме во подредена позиција и не ќе можеме да ја преминеме границата.

Можам да го цитирам уште неколку пати истиот господин претседател на Комисијата за телекомуникации на ВМРО ДПМНЕ во своја колумна вели, цитирам: Ако некои од обврските што Телекомот морал да ги спроведе, а не се реализирани во точно утврдените датуми, Владата треба да му наплати пенал, или казни на Телекомот за неспроведување на обврските. Чекам седум месеци, никако. Преставник на државата е Владата во капиталот во Телеком. Нема реакција. Совеник е кај вас, нема реакција. Понатаму цитирам: Но Владата случајно, или не заборави во исто време кога го носеше Законот за електронски комуникации да го измени постојниот закон за прекршоци само во еден член и да ја измени максималната парична казна за прекршоци која изнесува 250 илјади денари. Со ваков закон за електронски комуникации Владата само декларативно ја исполни обврската од Договорот за стабилизација и асоцијација. Со овој и донесе наводно европски закон за телекомуникации, но суштински не смени ништо, бидејќи е толку корумпирана во своите редови што нејзините највисоки функционери не можеа да се лишат од благодетите што ги нуди монополската позиција на Македонски телекомуникации. И вие него го праќате таму. Што се променило? Што корист имаат граѓаните од тоа дека ние имаме заложби за преродба, или тоа сме го напишале во нашата програма. Ништо. Затоа што не сакаме да се справиме со едно од најгорливите прашања за Република Македонија во процесот на приближување кон ЕУ, а тоа е концесискиот договор со Македонски телекомуникации. Секогаш сум бил да се раскине, сум и сега, сум бил и кога нашата Влада била на власт и сега како опозиција. И затоа можам слободно да зборувам. Министерот знае, сега дојде, не постои средба каде што тоа не му го кажале. Но, со тоа што ќе ги смениме луѓето од Комисијата, па потоа ќе го смениме директорот, ниту ќе го подобриме пазарот, ниту ќе ја зголемиме конкуренцијата, ниту она што е најбитно ќе го заживееме вториот фиксен оператор во домашниот сообраќај. За меѓународниот сообраќај има неколку варијанти кои што и сега постојат и сега можат да се работат. Но, она што е најбитно за граѓаните е како да добијат конкуренција во вториот фиксен оператор. Затоа не мислам дека овој законски проект треба да се поддржи. Ќе побарам потоа во расправата согласно член 76 Комисијата за Европски прашања на Собранието да расправа и да даде мислење по повод овој закон. Значи, имам такво право согласно Деловникот. Потоа, да видиме, ако навистина има поддршка, извештаи, да видиме како тоа го оценуваат оние кои што не ценат како напредуваме кон Европа.

**Иван Анастасовски:** Има збор министерот за транспорт и врски, господинот Миле Јанаќиески.

**Миле Јанаќиески:** Јас се извинувам што не можев од самиот почеток да присуствувам на оваа седница, бидејќи бранев некои точки во Владата на Република Македонија. Долго зборуваше господинот Макрадули, а се работи за многу мали измени, односно не гледам јас проблем зошто на некој начин финансиски повеќе би се контролирала Агенцијата и самиот директор. Значи, ова што го спомна господинот Макрадули дека има ревизорски извештај, но ревизорскиот извештај досега не беше причина за разрешување на членови на Комисија и на директорот. Јас би запрашал, дали во претходната година односно во 2006 година е разгледуван финансиски извештај од страна на Агенцијата за електронски комуникации. Инаку, не се работи за персонални промени, или не знам кој ќе биде назначен, или дефинирана е личноста, како што вие напоменавте.Можам да кажам дека имам една солидна соработка со Агенцијата. Се објави тендер за трет мобилен оператор, она што Владата претходно не успеа да го направи четири години, се донесе новото руо што ќе биде во имплементација, значи течат роковите, во моментот се изработува руото што драстично ќе ја промени ситуацијата во Република Македонија. Тендерот за Вајмакс технологија се очекува да излезе до крајот на февруари. Значи,сите овие работи што не успеавте претходно да ги направите. Што беа побудите за едни вакви измени, сигурно го имате видено извештајот за 2004 година. Јас не би го замарал многу Собранието, само ќе кажам колку дубиози има направено и колку е оштетен Буџетот на Република Македонија. На страна трета точка 11, точка 1, точка 3 вели, управата за завршување на верзијата не презела активности и не дала предлог до министерот за транспорт и врски за донесување на прописи потребни за применување на Законот за телекомуникации. И вели, резултат од недонесувањето на соодветен акт е неостварен приход на Буџетот на Република Македонија за цели 2.340.000 евра. Значи ние и на ваков еден негативен извештај од Агенцијата во моментов согласно законот не може да се покрене постапка во Собранието за промена на овие што ја направиле таа дубиоза. На страна 7 вели, Управата не пресметала годишен надомсст за користење на радиофрекфенции за линковска врска на трговски радиодифузни друштва. Значи, тука е направена финансиска штета врз буџетот на Република Македонија. Вели, извршена е исплата, на страна 10-та, извршена е исплата на средства на 27.12.2004 во износ од 285 илјади денари на Неоком Скопје, за кое не е извршена набавка согласно законот за јавни набавки. Ревизијата не може да потврди објективност на направени расходи за адвокатски услуги од 121

илјада денари. На страна 11 се кажува каде што не е почитуван Законот за јавни набавки: 352 илјади денари, 220 илјади денари, милион ипол илјади денари итн.Во моментов има драф верзија, односно првична верзија од една институција за работење на Агенцијата. Од неофицијални извори, значи самиот директор си уплатил за негово студирање 12.000 евра. Значи, самиот си дал средства за да студира и многу прекршувања кои го оштетуваат Буџетот на Република Македонија. И за тоа ова беше ставена за наредниот директор, дали ќе биде во ист состав, дали ќе биде во променет состав, без разлика, да може да се санкционира согласно законот, значи, со цел да се зголемат санкциите.

Инаку, сакам да ве информирам знаете дека Законот беше повлечен како што кажавте, беше доставен до Европската комисија, Европската комисија даде свое мислење. Јас би се сложил согласно правилата на игра во Собранието да биде разгледан и на Комисијата и таму ќе ви го презентирам тоа мислење. Инаку, се работи за многу мали промени. Јас се сомневам дека имате некои лични причини зошто толку долго образложувавте и зошто толку бевте погоден од овие измени. Значи, многу е нормално пратеник, човек кој се залага против корупцијата итн. да прифати измени на закон каде што ќе се санцкионира некое раководство за направени финансиски дубиози утврдени со ревизорски извештај. Значи, не е рекла казала, утврдени со ревизорски извештај.

Инаку, она што рековте за усогласување на концесиските договори, токму затоа Владата го предлага амандманот.Значи не е за третиот мобилен оператор, бидејќи ние донесовме стратегија која беше усвоена од Владата на Република Македонија, беше презентирана пред оние оператори кои се со концесиски договори и заклучокот е, значи по усвојување на амандманот има дадено рок во кој Агенцијата треба да направи одредени мерки со што повеќе нема да постојат концесиските договори во Република Македонија за што претходното министерство за транспорт и врски има склучено договор без почитување на законот за јавни набавки во износ од 300 илјади евра за што веќе е покрената и постапка пред надлежните инситуции.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

За реплика се јави пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Добро, тоа е дел од стратегијата на Владата на ВМРО ДПМНЕ со овие пијар борби против организираниот криминал и корупција под тој плашт си вршат партиски смени. Јас кажав што ќе се случува во иднина во Собранието. Ќе се достави предлог. За жал, ние не сме судница овде да расправаме за тие работи и за жал, Владата ќе достави предлог за разрешување на членовите на Комисијата кои немаат никаква врска со она што го зборувавте вие. Ќе ги доведеме тука професори на универзитети да ги девалвираме, дека правеле некои работи, а немаат никакви надлежности согласно законот и потоа нив да ги промени Комисијата за избори и именувања, па потоа да влеземе во варијанта Комисијата за избори и именувања да ја оценува работата, или извештајот на Агенцијата. Значи, тие ниски комбинации што неговиот советник му ги кажал на министерот, бидејќи нема познавање од оваа област, не сакам да ги коментирам, тоа е под секое ниво, ќе му простам на годините. Но, не можеме да си играме овде судница, а да не ги почитуваме законите и процедурите во Република Македонија. Значи, нема така да стигнеме со пијар кампањи во ЕУ, нема да стигнеме во ЕУ со огромни потрошени пари за маркетинг, а да нема никаков ефект. Затоа воздржете се од паушални оценки, бидејќи Собранието ќе го претвориме во судница, па ќе треба да расправаме за водовод во Скопје. Не сакам така да разговарам и не е тоа тема. Вие зборувате за некој ревизорски извештај штосе однесува на директорот за работи што ги направил претходниот директор на Управата за Телекомуникации што ќе се покаже во јавноста, има време. А, сакате заради финансиски работи да ја смените Комисијата што нема никакви надлежности. Јас затоа кажувам, апсурдна е целата постапка и процедура. И затоа отидовте првата варијанта што ја поднесовте во септември да и престане мандатот на Комисијата, па добивте “шамар” од луѓето што беа во Клубот на пратеници на Подкомитетот за стабилизација и асоцијација. И затоа го повлече премиерот Груевски со писмо тој предлог на закон. И затоа сега одите на една друга варијанта, со што исто се врти работата наопаку и сакаме да претставиме дека се залагаме за нешто, а всушност сакаме да направиме партиски упад во едно независно регулаторно тело, кое што реков е градено по сите норми и теркови на стандарди не само на Европската комисија, на светската телекомуникациска унија, се што може да придонесе во градењето на навистина регулаторно тело.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика министерот за транспорт и врски.

Јас навистина не гледам никаков пијар во моето излагање. Јас напоменав дека сте човек кој се залага за борба против корупцијата и го почитувам тоа. Значи, јас напоменав на самиот почеток дека имам добра соработка со дел од членовите на Агенцијата и напоменав неколку активности кои ги преземавме, кои не беа преземени од непознати причини. Сигурно ќе се докаже со текот на времето. Јас не се согласувам зошто и Агенцијата и директорот, значи вклучително и двата органи доколку направат некоја малверзација, или било каква финансиска употреба спротивна на закон да можат да одговараат. Значи, ова го предвидува Законот, не само за оваа Агенција, за сите наредни агенции или било како ќе биде именувано согласно новите промени што се предвидуваат во Законот, што ги напоменавте во вашиот говор.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот госпоѓица Славица Грковска.

Повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам.

Она што мене ме збуни во сегашното излагање на министерот за транспорт е тоа што на почетокот на своето излагање рече дека не се побуните за тоа да се изменат членовите на Комисијата, а подоцна кажа дека после опширното излагање колку дубиози направила Агенцијата и со колку е оштетен Буџетот на Република Македонија вели дека со овие предлози ќе се санкционира раководството кое направило дубиози. Мислам дека во суштина тоа е основата, основната причина зошто се предлагаат овие измени.

Не можам да се согласам како прво да бидеме доведени во ситуација како Собрание при ваков закон да слушаме дел од извештајот за работата на Агенцијата и некого априори да го обвинуваме. Впрочем, Владата е таа која што ја има одговорноста, како што кажа вчера премиерот и може да поднесе кривични пријави, на суд да докаже кој правел, како правел проневера и има институции кои што ќе го докажат тоа и ќе го санкционираат. Меѓутоа, би препорачала во иднина да не им се укажува на пратениците колку време ќе дискутираат и би препорачала исто така дека тоа не можат да бидат само професионално со големината на законот и тоа колку членови се предлагаат за измена. Ќе ви кажам еден пример, покрај денешниот - Законот за средно образование имаше измена само еден член во кој се предвидуваше измена само на еден дел, една бројка, меѓутоа таа една бројка значеше одложување на реформи за цела една година. Во тој случај претставниците на Владата и на парламентарното мнозинство не би можеле да очекуваат таков закон, како и овој впрочем, да помине без дискусии или со помалку дискутирање од страна на пратениците. Дозволете, меѓутоа Парламентот е нешто во кое што се дебатираат предлозите, законите кои што се дадени заради тоа што е ова последниот филтер и последната можност за коректив на предлозите кои што доаѓаат од Владата. Затоа сметам дека и односот на преставниците на Владата и спрема дискусиите на пратениците би требало да биде многу посериозен и нивните излагања, меѓутоа и нивните амандмани да се разгледуваат посериозно, да не бидеме доведени во ситуација само да аминуваме закони кои што се предложени од страна на Владата сметајќи притоа дека Владата предлага најдобар можен текст на закон кој што може да наиде на корекција од страна на пратениците.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со работа.

Три минути реплика по однос на говорот на господинот Макрадули има пратеникот госпоѓа Благородна Дулиќ.

Повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам господине потпретседателе.

Од господинот Макрадули беа искажани тешки невистини во врска со постапување на негово поставено барање за автентично толкување на член 144 став 1 од Законот за електронски комуникации, за кое што барање сега дознав од стручните служби, видовте кога зборував по телефон.

Постапката по автентичните толкувања се спроведува согласно член 182 од Деловникот на Собранието на Република Македонија каде што е пропишано дека Законодавно-правната комисија откако ќе прибави мислење од Владата и од внатрешните работни тела оценува дали барањето за давање автентично толкување е оправдано.

Јас како претседател на Комисијата не сум можела ова барање да го ставам на дневен ред со оглед дека такво мислење од Владата уште не е стигнато, а инаку од Владата мислењето го бара претседателот на Собранието на Република Македонија.

Известена сум исто така дека истоветно барање господинот Макрадули доставил и во минатиот пратенички состав и тогаш ова барање не било ставено на дневен ред на Законодавно-правната комисија, чиј што претседател беше неговата сопартијка Цветанка Иванова, известена сум и тоа дека од говорница не и се обратил со барање дека не постапува по негово барање согласно Деловникот.

Што се однесува до работата на Законодавно-правната комисија мислам дека целосно се снима работењето на оваа комисија и секој може да види што се случува и на кој начин ги водам тие седници. Во никој случај не може да ми се препише дека ги оневозможувам претставниците од СДСМ да го искажат своето мислење и своите гледишта по однос на точките од дневниот ред. Значи, потенцирам по однос на она што претставува материја за расправа во одредениот случај. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута за контра реплика на пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Како што ќе рече и претседателот Георгиевски, два пати Даме Груев не беше на конресот на ВМРО, отсуствал од две седници. Истиот овој муабет е тоа. Значи, што правиме муабет сега за периодот кога некој друг беше на власт и кој ги изгуби изборите. Како да се убедиме, како да го убедиме ВМРО-ДПМНЕ дека е на власт и дека тој е одговорен за случувањата во државата и тој ја понесува одговорноста, како што вели господинот Груевски за она што му ја дале довербата или мандатот граѓаните на Република Македонија. Како да се убедиме. Сега е некој друг крив. Факт е дека барањето што сум го доставил до Законодавно-правната комисија, кое што претседателката на Комисијата на претставниците од СДСМ им вели до кога ќе ве

трпам, ако не се сеќава да ја потсетам и Владата не дава одговор, што значи имаме проблем и затоа Европската комисија вели договорете се со концесискиот договор што ќе правите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеникот Никола Ќуркчиев.

Повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван министре, почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Со Законот за електронски комуникации, кој го донесовме пред неполни две години во Република Македонија се уредија условите и начинот на вршење на дејноста во областа на електронските комуникации. За регулирање на работите во оваа област на електронските комуникации уредени со овој Закон надлежни се Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за електронски комуникации. Се плашам дека Република Македонија е една од ретките држави кои претендираат на членство во Европската унија, а имаат искуство кое воопшто не кореспондира со таквата цел. Токму еден таков, би рекол типичен пример имаме во областа на електронските комуникации кои се предмет на дискусија по оваа точка.

Имено, сите ние пратениците знаеме дека предлагачот кој за 5 месеци ни понуди верзии, две верзии, јас би рекол не се потрудил да се затскрие со флускулите од типот дека на Република Македонија во оваа област и се потребни унапредувања на развојот на електронските комуникации, мрежи и услуги. Потребна е поголема ефикасност, конкуренција на пазарот, транспарентност, стручност, професионалност и т.н., туку едноставно јасно кажува што ќе следува по донесувањето на овој закон односно на овие измени. Ќе има кадровски смени во Агенцијата за електронски комуникации, а веднаш потоа мислам дека ќе следува нов закон за електронски комуникации.

Агенцијата за електронски комуникации како независно регулаторно тело со нејзините органи, комисија од 5 члена и директор оснивана од ова Собрание, што значи дека може секогаш во регуларна процедура и во рамки на нашите надлежности да расправаме за нејзиното работење, надлежности или неработење. Вака со 4 члена, со кои се предлагаат навидум козметички, апсолутно несуштински измени во сегашниот закон кој е многу комплексен, кој има 154 члена на сите може да ни стане јасно што е целта на овие измени и дополнувања на законот. Значи, она што веќе беше кажано, кадровските смени во органите на Агенцијата за електронски комуникации е целата поента на оваа работа наречена измени и дополнувања на законот.

Како што стојат работите, а ситуацијата горе-долу е “кучињата лаат, карванот си врви”, парламентарното мнозинство ќе ги изгласа промените и ќе го направи тоа што го има наумено.

Јас почитувани колеги пратеници ќе гласам против предложените измени, дополнувања и ќе дадам кратко образложение на мојот став. Овие работи, впрочем ги кажав и на Комисијата за транспорт и врски.

Прво, сметам дека со овој чин предлагачот и поддржувачите на овој чин сакаат да извршат упад во едно независно национално регулаторно тело.

Второ, сакам да ги потсетам колегите од позицијата и претставниците на Владата дека ова навистина е 2007 година, не е 2001 година, кога се монополизира комуникацискиот простор во државата и тогаш Република Македонија немаше законска регулатива за оваа област и беше само претендент за Европската унија.

Денес Република Македонија има закон за електронски комуникации и е земја кандидат за членство во Европската унија. Од тие причини треба да внимаваме овој чин да не биде уште еден крупен чекор во правец на уназадување или одалечување на Република Македонија од Европската унија.

Трето, во образложението се вели дека со измените и со дополнувањата на Законот ќе се обезбеди усогласеност во однос на можноста да се добие реална слика за финансиското работење и дека член 10 не предвидува годишен извештај на Агенцијата да содржи ревизорски извештај. Или поточно во образложението се вели “со измените и дополнувањата на законот ќе се обезбеди усогласеност во однос на можноста да се добие реална слика за финансиското работење на регулаторот по однос на неговата работа во претходниот период, а што ќе се обезбеди со ревизорски извештај изработен од надворешен и независен ревизор”.

Имено, постојната одредба од член 10 на Законот за електронски комуникации не предвидува дека годишниот извештај на Агенцијата содржи и ревизорски извештај со што се остава простор за несоодветно претставување на целокупната активност на регулаторот во тековната година.

Почитувани колеги, точно во член 10 не се предвидува таква можност, но во член 26 од постојниот Закон се предвидува токму таква работа или такво нешто.

Според предлагачот, клучната бариера се кадровските прашања или решенија на Комисијата, а како што чувме од директорот на Комисијата, а се друго веројатно останува по старо. Зошто? Заради тоа што ако се тоа докажани кадри на ДПМНЕ или потврдени протагонисти во јавноста на ставовите и идеологијата на сега владеачката позиција тогаш претпоставувам дека ќе имаме и стручност и професионалност и се што е потребно за обавување на таквата функција. Во спротивно, нормално тие не чинат.

Четврто, со сиот ризик дека нема волја да се разбере само како навредено предупредување, ќе нагласам. На ваков начин, со вакви потези можеби посуптилно, меѓутоа исто така ефектно како и некогаш може да се сруши и се што е изградено или постигнато, бидејќи Република Македонија ги доби високите оценки од Европската комисија во делот на електронските комуникации. Со носењето на овој закон и со работата на оваа независна Агенција претпоставувам дека дополнително ќе се внимава како во иднина ќе се постапува. Токму во тој дел, а се надевам дека и со амандманите ќе разјасниме зошто во членот 16 со цел да се зајакне одговорноста на членовите на Комисијата во правец на реализирање на програмата на Владата со законот се предлага Агенцијата во годишниот извештај, што ги доставува за својата работа во тековната година покрај другите извештаи да содржи ревизорски извештај од надворешен и независен ревизор, а од друга страна со предложените измени и дополнувања во член 15 односно 16 предлогот за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации ќе овозможи обезбедување на поголема компетентност.

Сите оние кои што успеаа да го прочитаат член 15 знаат дека токму во делот на образованието се бара навистина стручност во делот на електронските науки, правото или економијата со работно искуство над 5 години и со посебни знаења од областа на електронските комуникации, како и да се поседува организациски и раководни способности. Имав прилика да прочитам десетина вакви закони од земји членки на Европската унија, или земји кандидати и видов дека идентичен е овој член и мислам дека предлагачот ќе го има во предвид и ќе го прифати амандманот за кој што подоцна ќе зборуваме. Инаку, може да ни се случи при утврдувањето на евентуално новиот директор, кога и да е тоа видот на високото образование да биде занемарен од причина што може да дојдеме во случај кандидатот да има завршено високо образование од областа на педагогијата, здравството, психологијата или архитектурата, а да раководи со ова значајно национално тело.

Благодарам на вниманието, ќе имам прилика да дискутираме уште по амандманите.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот господин Тале Герамитчиоски.

Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Има уште 10 минути, а сметам дека не ќе можам да завршам до крајот на денешното заседание на Собранието.

**Иван Анастасовски:** Значи, не ви се доволни 10 минути.

Во тој случај бидејќи и јас имам обврски во Мешовитиот комитет, сега се нацртот на заклучоците во 18,00 часот, во тој случај продолжуваме утре, за денес ја затворам расправата.

Продолжуваме утре со оваа точка, а по завршување на оваа седница ќе работиме со новата седница, 29-тата седница на Собранието на Република Македонија по предлогот на Деловникот на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,51 часот)